тоа за природата е вредно!

Теодора Најдовска 9то одделение
Ментор: Магдалена Јаневска

Не загадувај

Немој да фрлаш отпадоци,
ете ја корпата до тебе.

Зачувај ја околината чиста
ајде биди вреден екологиста,
градови и села,
ама и планетата земја цела
да запреме со загадување,
уништувањето е очајно, да најдеме спас,
времето е драгоцено секој час,
а природата нам со песна ќе ни врати
јас ви велам трудот ќе не злати!

Сема Мачева, 4то одделение
Ментор: Анкица Калешова

СООБРАЌАЈ

Во сообраќај семафор има
и многу возила прима
возилата свират,
а пешачите минат.

Семафорот е во боја,
црвена, жолта, зелена,
сите ги строи
и во патека ги брои.

На раскрсница возила има,
никој ред не зима
автомобили и велосипеди
сите по ред си возат.

Јована Алчева, 4то одделение
Ментор: Магдалена Камчева
ООУ „Блаже Конески“

Со мојот велосипед

Моето име е Никола,
и да ви кажам право
јас сакам да живеам здраво.
Затоа како прво:
не сакам автомобил
а како второ
јас побарав велосипед
од тато
за мене и за бато.
Автомобилот многу брза
но, јас не сум мрза.
Кога ќе возам велосипед
околу мене цвет ќе цвета
и пеперутка ќе лета,
сонцето силно ќе грее
а природата весело ќе се смее.

Никола Спасовски, 3то одделение
Ментор: Соња Димова, дефектолог
– предметен наставник по македонски јазик
ПОУ „Маца Овчарова“

Велосипедот од соништата

Од ден на ден се зголемуваат соништата на децата. Секое дете сака да си го оствари својот сон, секој живее за својот сон. И кога едно дете ќе види успех во очите на некој човек, ќе сака да создаде нешто за него и цврсто да зачекори кон патот на успехот, бидејќи само тој води до целта; да си го зацрта својот пат, по свои планови и ако е упорен, ќе успее.
Понекогаш маките и проблемите се на прво место, па си велам, да си имав еден велосипед, на којшто ќе се качев, ќе летнев, и можеби ќе заборавев на сѐ. Да можев да ја пренесам бојата на зелената трева на мојата четка и да почнев да го бојам мојот велосипед, а потоа... да ги наберев сите разнобојни цвеќиња, во сите бои, црвени, жолти, виолетови и да ги ставев на него. Камо да можев да фатам некое славејче и тоа да беше мојата свила. Сакам велосипедот да е голем, за на него да го качам моето семејство и моите најблиски, позади торбичката да е кафеава, па кога ќе го возам сите отпадоци фрлени по патот да ги собирам во неа. Тркалата да се од многубројни листови, зелени, жолти, кафеави и други. Рачките исто така да се розеви. А потоа со доаѓањето на есента, и есенскиот сликар да ни помогне во боењето на мојот велосипед. Да патувам со него, да минам низ градови, води, мориња... Секогаш кога ќе ги завртам да ме носат по друг пат. А, пред мене да се шири пат долг и исполнет со цвеќиња, каменчиња... Сјајното сонце да го грее мојот велосипед. А, закачено на рачките да има и едно мало чадорче, кое ќе се прелева во боите на виножитото, во случај да врне.
Од сиве овие мисли создавам селекција во мојата глава, која од ден на ден ја дополнувам. Иако тоа е само моја фантазија, јас сакам да фантазирам, бидејќи некогаш од фантазија се стигнува до реалност. Јас живеам во тој сон, и сакам да продолжам бидејќи живеам за моите сонови.Секој поединец си има свои соништа, тие се негови. Не е лошо да сонуваш, да фантазираш, едноставно тоа е убаво. Јас ги остварувам моите соништа, вложувам во моите очекувања. А, ова е само мојот велосипед од соништата!

Ивана Гошева, 8мо одделение | Ментор: Даниела Ристова

## Велосипедот од моите соништа

Технолигијата расте. Бујноста на човечката фантазија се зголемува. Луѓето измислуваат разни чуда, меѓу кои и електрични велосипеди, велосипеди кои чистат итн. Тие ги реализираат своите фантазии и соништа, нешто кое за новите генерации и не претставува некој проблем. И јас имам сон. Сон во кој тајно посакувам да сум сопственик на еден мултифункционален велосипед. Сонувам за тој ден, кога за прв пат со сето растреперено срце ќе ги завртам неговите педала во форма на стапала. Во средината на бандашите ќе се наоѓа прочистувач на воздухот, па така со секој нов изминат километар, воздухот би бил почист. На рамката би можеле да се наоѓаат и неколку сончеви колектори, со што ќе ми биде олеснето движењето во нагорна насока, а би можела и да си го полнам мобилниот додека ги шетам градските улици. Не би ми пречел и мал вграден звучник во близина на кормилото, со што моето возење би ми станало попријатно. Веќе ги спомнав сончевите колектори, кои би им биле потребни на ноќните светла кои бе се наоѓале веднаш до нив, низ целото тело на рамката, кои со секое заоѓање на сонцето би ми го осветлувале патот. Исто така, би сакала седиштето да биде висококвалитетна мемори пена, која ќе го регулира притисокот и рамнотежата на моето тело, како и температурата, а потоа и паметни сопирачки кои сами ќе го запрат велосипедот, доколку почувствуваат моторно возило пред себе, со што на помлада личност би се олеснило учеството во сообраќајот и би се намалила шансата за некоја непосакувана несреќа, но сепак низ градбата на целиот би имало и рачни сопирачки, во случај самиот велосипедист да посака да го запре велосипедот. Позади седиштето би можела да се пронајде пластична кутија во која би чувала резервен чадор, во случај да заврне, а до неа ќе се наоѓа и резервно седиште, кое би можела да го отстранам и да го спакувам и повторно да го вратам на велосипедот, со што би му го скратила и патот на некој друг.

Мислам дека ова е идеално возило за моите потреби, како и неопходно за потребите на еден возрасен, бидејќи е и прилагодливо на недостатокот на време, со кој се соочува и поголемиот дел од популацијата.

Ана Арсова, 8мо одделение
Ментор: Даниела Ристова



## Здрава животна средина е задача на сите. Како да ја зачуваме?

Ја сакам природата. И таа ме сака мене. Ве сака и сите вас.
Наоколу фрламе отпадоци криејќи се од сите. Но, дали можеме да се скриеме од самите себе? Навечер си легнуваме да спиеме. Но, можеме ли да заспиеме со чиста совест и мирно срце? А толку многу посакуваме да ни биде зелено и чисто. Без разлика каде живееме, покрај река, море, на планина, во град или село, не треба да си го загадуваме нашето место на живеење и нашиот живот, бидејќи тоа што ќе си го посееме, тоа и ќе го жнееме. Што ќе оставиме на идните генерации? Зарем не помислуваме како ќе живеат нашите деца? Бидете нивни херои и спасете ја природата да биде здрава животна средина за сите така што:

- Отпадоците ќе ги фрламе во корпите за отпадоци!
- Да користиме почесто велосипеди наместо автомобили!
- Да поставиме филтри на оџаците од нашите домови
и фабриките за да не се шири чадот низ целата околина!
- Да организираме еко-акции и преку нив да бидеме директни спасувачи на мајката природа!
- Да поставиме повеќе пароли на местата кои се изложени на опасност од загадување!

Сé е толку лесно и едноставно само ако сакаме и ги почитуваме овие златни правила. Здравата животна околина е задача на сите. А што треба? Да се соземеме, да размислиме и да дејствуваме бидејќи решението е во самите ние. Имаме само една планета за живеење, чувајте ја за да нé чува и таа нам!

Верица Шуклева, 6то одделение | Ментор: Петар Јанчев

Здрава животна средина е задача на сите.
Како да ја зачуваме?

Природата бара нега,
за секогаш да биде свежа,
загаденоста да стане лажна,
мајката наша да не биде тажна.

Многу луѓе ја загадуваат,
и внимание не посветуваат,
природата на чист воздух ги кани,
а тие фрлаат отпадоци на сите страни.

За тоа да не се случи,
секој треба да научи:
засади дрво, засади цвет,
да живееш во здрав и почист свет.

Тамара Цишева, 6то одделение
Ментор: Петар Јанчев



Розе велосипед за Розе

Розе едвај ги држеше клучевите во рака од влезната врата и полека отклучуваше. Имаше многу напорен ден и беше толку уморна што едвај се држеше на нозе.
Го остави училишниот ранец во претсобјето и воздивна.
“Ех да имав велосипед, немаше да биде вака! “-си помисли.
Училиштето на Розе беше оддалечено околу половина час од нејзиниот дом и таа секој ден пешачеше до таму и назад, зошто родителите и беа на работа и не можеа да ја носат, а друг превоз немаше. Веќе подолг период посакуваше да има велосипед и штедеше пари за да си купи, ама никако не успеваше да заштеди доволно.
Додека се двоумеше дали да ги заврши обврските или да се одмори,тромо се спушти во удобниот кауч во дневната соба, а сонот како театарска завеса се спушташе на нејзините очи. Сеуште меѓу сонот и јавето, и се пристори како да слушна некој чуден и невообичаен звук,но таа веќе иташе во царството на соништата каде ја чекаше чудесна глетка. Пред неа здогледа велосипед каков што досега не беше видела. Целиот розов, со мали ситни украси на жиците од тркалата и розе флуоресцентни светилки на педалите. Она што најмногу и привлече внимание беа нежно розовите крилја кои беа поставени од двете страни на управувачот. Розе несвесно ја подаде раката кон нив сакајќи да ги допре кога слушна едно тивко гласче како и вели:
“-Здраво”.
Розе се вртеше лево-десно да види од каде доаѓа гласот, кога повторно го слушна:
“-Овде,овде, кај управувачот”.
Розе погледна натаму и ги виде најубавите сини очи сместени на левата и десната страна на управувачот кои радознало гледаа во неа.
-“Што е ова?”-запраша Розе.”Кој си ти?”
“Јас сум твојот велосипед од соништата.”-весело одговори велосипедот.
“Не, не”- извика Розе-јас сигурно сонувам.”
-Не е сон, разбуди се Розе”- како од далечина го слушаше гласот на мајка и која нежно ја будеше.
Розе полека ги отвораше очите и збунето гледаше во насмеаните очи на мајка и која со главата и покажуваше кон средината на дневната соба. Розе дури тогаш забележа дека во собата беше и нејзиниот татко, ама нејзиниот поглед само за миг се задржа на него па продолжи во правецот во кој покажуваше мајка и. А кога конечно нејзиниот поглед запре на она што мајка и и го покажуваше, имаше и што да види. Розе остана со подзината уста и ширум отворени очи од изненадувањето што беше пред неа.
На средината од собата елегантно паркиран стоеше розов велосипед. Најубав од сите велосипеди кои досега ги видела. И украсен со златно-жолта панделка! Розе не знаеше што да рече од возбуда. Целата трепереше. Само тивко изусти, бакнувајќи ги двајцата:
“-Благодарам.”

Сашка Билбиловска, 7мо одделение | Ментор: Виолета Танеска

## Здрава животна средина е задача на сите
## (како да ја зачувате)

Не го положивме испитот како луѓе
кои живеат на оваа планета
обезбедени со сè од природата.
Туку ја разочаравме Земјата
со нашите постапки.
А сега таа ни враќа
за сè што некогаш ѝ сторивме.
И тоа не само како поединци,
туку како цело општество.
Бидејќи го уништивме единствениот извор
кој ни дава кислород,
кој ни дава вода,
кој ни дава храна.

И не, не зборувам за тоа
што за малку ќе изгореа
белите дробови на нашата планета
шумите во Амазон.
Не зборувам за тоа
што морските животни
секојдневно умираат од нашата пластика.
Сега зборувам за автомобилите,
за возилата општо,
и да ве насочам
како можете со мали постапки
да направите големи нешта.
Да ја заштитите природата,
но и да се заштитите
самите себе.
Зборувам за моите соседи,
но и за сите други луѓе
кои од пет члено семејство
возат пет автомобили секој ден.
До работа – и назад.
До работа – и назад.
До продавница, до бутик, до пазар.
А од сите семејства
во нашата држава
кои прават вака, свесно или несвесно,
колку ли се загадува земјата?

Многу. Премногу.
А со тоа се загадуваме
и самите себе,
и си го уништуваме здравјето.
Со тоа, го дишеме воздухот
што го испуштаат нашите автомобили,
нашите мотори, и сите возила
кои ја загадуваат средината.
Го дишеме воздухот
кој не само ја загадува средината,
туку и нè разболува,
и ни го одзема здравјето.

А што ако утре
сите семејства тргнат наутро со велосипед?
Што ако тие пет автомобила
се заменат со пет велосипеда?
Многу значи.
Сите луѓе да постапат така,
премногу значи.
Сам не можеш многу да сториш,
ама можеш да дадеш пример
на друг поединец,
и еден по еден
пример за цело општество.
Општество, што не само ќе ја поправи природата,
туку ќе се поправи и самото себе.
Нема да се гуши
кога ќе излезе низ топлата.
Нема ни да се најде во амбуланта
со проблеми на дишните патишта.
Туку ќе се најде во убавините на природата
како дише слободно,
чист воздух, во чиста околина.
Затоа што здравата животна средина
е задача на сите.
Затоа што ти, токму ти
можеш да направиш промена.
Ти можеш да ја зачуваш.
Нашата земја,
нашата Мајка Природа!

Стефанија Курциска, 8мо одделение | ООУ „Климент Охридски“

Велосипед

Денот кога почнува
Во утринската зора,
Стари млади тргнати
Кон планинската гора.

Велосипедите ги подгурнуваат
Кошницата напред ја наполнуваат
Со различен шумски плод
Од прекрасниот,миризлив род.

Јуриме низ шумската патека
Нечујно до ветарот див
Со велосипедите наши брзи
И духот во нас издржлив.

Дечињата мали
Срекни ги прави,
Секојдневно го возат
Во неизмерна доза.

Се возиме секојдневно
Низ пољињата цветни,
Со звукот од звоната
Ги повикуваме птиците пролетни.

Велосипедот, нашето
Превозно средство,
Со кое израснуваме
Во нашето место.

Каде и да одиме
Велосипедите ги возиме,
Спомени секојдневно правиме
Кои никогаш нема да ги заборавиме.

Теодора Вирцанска, 8мо одделение
ООУ „Ванчо Прќе“

## ВЕЛОСИПЕД

ВЕЛОСИПЕДОТ МНОГУ СИ ГО САКАМ,
СО НЕГО СЕКОЈА КРИВИНА ЈА ФАЌАМ.
ДЕЊЕ, НОЌЕ  СО НЕГО БРЗАМ,
СЕКАДЕ НИЗ ГРАДОТ ИТАМ
И СО БРЗИНА НА СВЕТЛИНАТА ЛЕТАМ.

ВЕЛОСИПЕДОТ МОЈ Е УМЕН И ВРЕДЕН,
БРЗ Е АМА ЗНАЦИ ПОЧИТУВА ,
МЕ СЛУША И НА ПЕШАЦИ ВНИМАВА,
НАСЕКАДЕ ЗНАЕ ДА МЕ ВОЗИ
И НАЈГОЛЕМА РЕЛАКСАЦИЈА МИ НОСИ.

Искра Георгиевска, 6мо одделение
ООУ „Ванчо Прќе“

## Здрава животна средина е задача на сите

(како да ја зачувате)

Секој човек има право на здрава животна средина. Но исто така и секој е должен да ја унапредува и штити животната средина и природата. Здравата животна средина е уставно загарантирана категорија. Да, така вели Уставот, но што вели реалноста?

Во реалноста, освен во летниот период, во сите останати месеци во годината од медиумите добиваме информации за загаденоста на воздухот. Како ударни вест на телевизија гледаме колкава е загаденоста на воздухот во поголемите градови во Македонија. За мојот град Делчево, досега не слушнав информација колкава е загаденоста, но тоа не значи дека загадениот воздух не се чувствува или не се гледа. Многу ме загрижи еден податок дека во Македонија секоја година умираат околу 1400 луѓе од последиците од загадениот воздух. Тоа ми дава за право да донесам заклучок дека граѓаните на Македонија се постојано жртви на загадениот воздух.

Сметам дека крајно време е да се започне со решавање на проблемите со загаденоста. Загадениот воздух ги уништува нашите бели дробови, но и исто така им предизвикува проблеми и на растенијата, на животните, се загадуваат и реките и езерата, а со тоа значи дека целата наша животна средина е во опасност. Си го поставувам прашањето дали секој од нас води доволна грижа за своето здравје? Кој треба да се грижи за нас, дали најпрво ние самите или пак некој друг? Дали самите ние сме доволни и способни да смениме нешто, и да направиме да имаме здрава и чиста животна средина? Мислам дека секој треба да си тргне од самиот себе и да почне да размислува пред сè на своето здравје и на здравјето на своите најмили, а потоа и секоја институција да се погрижи за своите вработени. Од сите податоци кои ги добиваме како информација во медиумите сметам дека на глобално ниво не се води доволно грижа за намалување на загаденоста. Како последица на оваа недоволна грижа, нашите поголеми урбани центри се меѓу најзагадените во Европа. Голем број на индустриски капацитети работат без да вградат соодветни филтри за прочистување на издувните гасови. Исто така проблем прават и депониите. Во близина на моето маало каде живеам секоја вечер се чувствува мирисот на чад од запалената депонија особено во летниот период. Таму има отпад, расфрлан смет околу патот и неподносливата миризба. Како една од мерките против загадувањето од отпадот е да се прави негова селекција и рециклирање.

Освен фабриките и депониите следни загадувачи на воздухот се автомобилите. Сведоци сме дека по нашите патишта се возат разни автомобили, од стари кои не се гледаат од црниот дим кој го оставаат зад себе, па до нови и модерни. Од друга страна дрвјата како најголем прочистувач на воздухот се помалку ги има. Се повеќе се сечат и искористуваат како за огрев така и во индустријата, а сè помалку се пошумува. Сè помалку имаме зелени површини во градовите. Сето тоа свесно го прави човекот, не водејќи грижа за сопственото здравје. Мора конечно да се каже СТОП за ваквата состојба на нашата животна средина. Таа е нашиот дом, нашето второ јас, наша сегашност, и само во здрава животна средина можеме да имаме иднина. Мора да се преземат мерки против сите загадувачи. Да се работи на подигање на свеста кај секој поединец за да придонесе во намалување на загадувањето. Депониите треба да се селектираат и рециклираат, на фабриките да се ставаат филтри за прочистување, а автомобилите да се заменат со велосипеди. Свеста на луѓето е на многу ниско ниво и некому ова може да му звучи смешно. Затоа треба да се организираат кампањи за чистење, иницијативи за намалување на отпадот од храна, спроведување денови без автомобили, намалување на употребата на пластиката или организирање на изложби, акции за садење дрва, апели за рециклирање, натпревари и друго" .

Многу ми се допадна идејата кога еден ден во нашето училиште се организираше Вело Родео , и тој ден јас и брат ми дојдовме со велосипед на училиште, а татко ми отиде со велосипедот на работа. Ова треба да го практикуваме колку што е можно почесто. Без разлика колку е мал нечиј придонес, сепак е од големо значење за нов почеток на размислување на луѓето за заштита на животната средина. Иако е мал придонесот сепак е огромен кога ќе стане дел од моќна и силна акција.

Затоа мотото нека ни биде:

„ Живеј здраво, чувај ја природата, заштити ја животната средина, намали го сообраќајниот метеж - ВОЗИ ВЕЛОСИПЕД!

Ева Ивановска, 8мо одделение | ООУ „Климент Охридски“

## ВЕЛОСИПЕД ОД СОНИШТАТА

Сонувам за велосипед
со прекрасна боја,
со него да патувам
низ земјата моја.

Велосипедот од соништата,
ќе ми даде сила,
да си возам ден и ноќ
по земјава мила.

Велосипед да си возам,
од Демир Капија до Струга,
Македонија си ја сакам
и ниту една земја друга.

Бобан Мелов, 5то одделение
Ментор: Валентина Тодорова

## ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА Е ЗАДАЧА НА СИТЕ

Различни луѓе
секаде околу нас,
сите сме со две раце
природата не повика на глас.

Зелени сме дрвја ние
ви правиме сенки крош,
дајте и вие се од себе
да не биде отпадокот во ќош.

Вие сте деца
иднината наша,
бидете разумни
за природата ваша.

Животната средина
во која живееме,
да ја сакаме и чуваме
за тоа копнееме.

Ова го пишувам
со голема верба,
да ја чувам природата
ми е животната желба.

Борче Борчевски , 5то одделение
Ментор: Митрова Стојна

## Велосипедот од соништата

Слушнете сега
Другарчиња мои
Велосипед си имам
Во сите бои.

Шарен е и убав мојот велосипед
И не го заменувам
Ниту со тротинет.

Се возам и се смеам
По улица гласно
Велосипедот од соништата го имам
Дали ви е јасно?

Неслихан Мунацева, 2ро одделение
Ментор: Петранка Стојанова

## ДА ЈА ЗАЧУВАМЕ ПРИРОДАТА

Ајде сите деца
да се здружиме во едно,
со нашата акција
да направиме нешто вредно.

Здружени заедно сите
во еден глас,
за природата наша
да се бара спас.

Планетата наша мила,
да ја спасиме со сила.
Природата да ја негуваме,
здравјето да го зачуваме.

Ивона Јованова, 5то одделение
Ментор: Валентина Тодорова

## ЛИТЕРАТУРНА КАТЕГОРИЈА – ДЕМИР КАПИЈА | ООУ „ДИМЧЕ АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ“

Велосипедот од соништата

Беше убав сончев ден. Надвор сонцето силно грееше. Насетував дека денот ќе биде прекрасен. Беше тоа еден ден пред мојот роденден. Си дојдов од училиште, а дома моите родители ме пречекаа со насмевка. Ме прегрнаа и ми кажаа дека имаат изненадување за мене. Ме качија во колата и почнаа да возат. Стигнавме во до соседниот град. Застанавме до една продавница за велосипеди. Веднаш сфатив дека ќе ми ја исполната мојата желба, да си добијам велосипед. Влеговме во продавницата и тие ми рекоа да си одберам велосипед. Бев пресреќна. Силно ги прегрнав. Си го одбрав велосипедот од соништата. Розов со црни точки. Едвај чекав да стигнеме дома, за да им го покажам на моите другарчиња. Сите беа воодушевени од мојот велосипед. Цел ден се возев. Им го дадов и на моите другарчиња.
Вечерта повторно силно ги прегрнав моите родители, им се заблагодарив. Ми го честитаа мојот роденден. Така среќна и задоволна си легнав, знаејќи дека веќе го имам велосипедот од соништата.

Мелек Куртова, 4то одделение | Ментор: Александра Иванова

ВЕЛОСИПЕДОТ ОД СОНИШТАТА

Не е важна неговата боја,
само да е за прилика – секоја.
Најубав меѓу сите е тој
така мечтаев за велосипедот мој.

Сакам секогаш да ми е чист
да не биде како на брат ми ист.
Посебно место за него ќе направам,
таму ќе го чувам и нема да го заборавам.

Зорана Каранфилова, 5то одделение | Ментор: Валентина Тодорова

## ЗРНОВЦИ | ООУ „СИНИША СТОИЛОВ“

Велосипедот од соништата мои

Мојот велосипед во сина боја,
е сонот кој го сонив
уште од петтата година моја.

Со него кога се возам како да летам.
Ветрот нежно ме гали,
а на времето како да сметам.

Тој е мојот другар верен
со кого сум често,
внимавам да не паднам,
па го возам вешто.

Виктор Николов, 9то одделение
Ментор: Далиборка Милосјова

Екологија

Чувајте ја природата
таа ни е како мајка,
кога ја чуваме чиста
прекрасна е како бајка.

Чист воздух, чиста вода
среќни луѓе, птици пеат,
на прекрасни чисти ливади
здрави дечиња се смеат.

Вразумете се луѓе
да направиме убав гест,
да ја исчистиме природата
и да ја разбудиме
нашата еколошка свест.

Јована Јованова, 4то одделение
Ментор: Валентина Митева

## Да ја зачуваме здрава околината

Околината наша треба, секојдневно да ја негуваме,
И признанија за чиста средина да си доделуваме.
Треба секој ден да биде: Светски ден на животна средина
Секој ден да се грижиме, за татковината прадедова!
Да ја поттикнеме кај сите глобалната свест,
И да ја раскажуваме гласно најубавата вест!
Да преземеме чекори за заштита на нашата природа,
Да ги исчистиме реките и езерата и да ја имаме најчистата вода!
За квалитетен и добар живот а и подобро здравје,
Ќе зборуваме малку пошироко во следново поглавје!
Да засадиме дрвја на секој чекор, да ги штитиме, чуваме,
За да имаме чист воздух кој секојдневно го вдишуваме!
Да не фрламе отпадоци да не загадуваме и уништуваме,
Природата  мила и најубава, треба секогаш да ја чуваме!
Да бидеме уредни и хумани, еколошки настроени,
Да засадуваме и негуваме за позитивни поени!

Матео Станоев , 5то одделение | Ментор: Софка Нацева

## Велосипедот од соништата

Би сакал да патувам,
светот да го осознам,
другарчиња да запознам,
сите граници да ги отворам.

Да го јавнам мојот велосипед од соништата,
да летам со голема брзина по патиштата,
во секоја земја да поминам,
сечија култура да ја дознаам.

Би сакал и небото да го дофатам
на сите среќа и мир да пратам,
низ целиот свет војните да ги сопрам
и до сечие срце со љубов да допрам.

Со секое детенце рака да си пружиме
и со добрина светот да го заокружиме.
Да можам да им помогнам на сите,
За поубави да ни бидат дните!

## Грижа за околината

Кога одиме да одмориме
Знаеме што треба да сториме,
Каде и да се движиме
За околината да се грижиме!

Нека знаат и Томе и Ристо
Наколу треба се да е чисто,
Во природа се трча и на трева се лежи
А дома се враќаме одморени, свежи.

Оган не палиме, дрва не сечиме,
Мевце и дома ќе испечеме.
Постојано читаме, слушаме и зборуваме
Околината треба да ја чуваме!

Затоа деца, чистете често,
Трудете се секогаш се да е на место!
Чистотата е здравје и сила,
Таа во животот најважна била!

Иван Велков, 5то одделение
Ментор: Софка Нацева

## Мојот велосипед

Мојот велосипед е
најбрз на целиот свет.
Овој шарен свет,
ќе го превртам
со мојот велосипед.

На него ги има сите бои,
црвена, жолта, зелена и сина.
Возејќи го него,
целото лето брзо ми помина.

Возејќи по улици и паркови,
со шарена насмевка
ги поздравувам сите,
мавтајќи им весело
со мојата мала рака.

Сара Митева, 6то одделение
Ментор: Далиборка Милосјова

## МОЈОТ ВЕЛОСИПЕД

Велосипедот мој волшебен деца драги,
каде и да сакам ме вози,
да дојде со мене секој би се сложил.
Планини, мориња и реки посетувам за час,
прекрасните убавини на нашата земја
кога ќе посакам ги гледам јас.
Овој велосипед е многу чуден,
но никој не може да го види кога е буден.
Кога сонот е спремен и доаѓа,
велосипедот почнува мене да ми зборува.
„Драга моја, каде ќе одиме?
Ти само кажи и со тебе води ме?“
Ќе одиме кај ѕвездите, кај планетите светли
да ги гледаме како блескаат, ајде велосипеду летни.
На мојот велосипед секој му завидува,
Другарчиња мои ако бидете добри
и вие ќе го имате во иднина.

Михаела Ристова , 5то одделение
Ментор: Софка Нацева

## Чиста околина

За да живееме
во убава и чиста околина,
треба околината
да ја одржуваме чиста.

Отпадокот треба
да го фрламе,
во корпи за отпадоци,
а не на улица.

Во градината треба
да ги одгледуваме
растенија и цвеќињата наши,
исто така одгледувајте ги
и растенијата ваши.

Антонио Савев, 6то одделение
Ментор: Далиборка Милосјова

## Сообраќај

Прво око значи стој,
да не биде после ој.
Второ око спреми се,
тргни сега на мој знак.
Трето око тргни ти,
нека ти е среќен пат.

Учевме, учевме,
научивме ете.
Сообраќајот го,
засака секое дете.

Низ игри разни,
низ весела песна.
Сообраќајот ни стана,
забава лесна.

Мелани Ефтимова, 6то одделение
Ментор: Далиборка Милосјова

Природата да се чува

Нашата планета Земја, се позагадена е и темна,
фабриките чадот го садат,
животните и луѓето страдат.

Природата е богатство кое Бог ни го дава.
а ние луѓето ја уништуваме со несовесна глава.

Во училишниот двор слушнав еден глас
Една птица силно плаче, моли за спас!

Природата да се чува, размислувам често,
За нас таа треба да биде убаво и чисто место.

Планетата наша мила, да ја чуваме со сета сила,
Природата да ја негуваме, здравјето да си го чуваме!

Во чиста природа да живееме и слатко да се смееме,
Природата да ја чуваме и весело да и се радуваме!

Данче Таскова, 5то одделение | Ментор: Софка Нацева

Природата алармира за спас

Отпад и ѓубре наоколу гледаме,
под итно ова на минимум да го сведиме,
природата алармира на сиот глас,
потребно и е спас.

Чиста река, чиста трева,
да се фатиме за работа без многу врева.
Со чиста совест низ планина да шетаме,
сите заедно на природата да и ветиме.

Природата ни нуди богатство цело,
да ни бидат чисти секој град и село.
Пластика да рециклираме, отпад да сортираме.
Задача на сите ни е, добро да се организираме.

Ева Митева, 6то одделение | Ментор: Далиборка

Здрава животна средина

Средината да ја чуваме
размислувам често,
за да таа ни биде
на сите прекрасно место.

Отпадоци да не фрламе,
да не уништуваме свесно.
Бог ни ја дарил.
Да ја заштитиме лесно!

Бане Николов, 6то одделение | Ментор: Далиборка Милосјова





Чувај ја и сакај ја природата најсилно!

Здрава животна средина е
задача на сите. Како да ја зачуваме?
Да имаше природата
Очи и раце, ќе почнеше да плаче.
Да посакаше да не гушне
Не ќе можеше од премногу ѓубре.
Нашата природа е дарежлива и мила
Таа со своите убавини,
Планини, реки и зеленило
Нам ни дава сила.
Ако сакаме природата да ни врати
Таа треба со чистота да се плати.
Затоа дете мило

Хрисант Илијев, 3то одделение
Ментор: Благојчо Стојановски

ЕДЕН ПОУБАВ СВЕТ

Најсакани деца и родители драги,

за поубав и почист свет,

до работа и училиште возете велосипед.

забавно ќе биде ,

на тој утрински воздух чист ,

се до крај на есента,

до последниот паднат жолт лист.

А,тогаш штом зимата на сцена ќе стапи,

замолете ги вашите сакани баби

да ви сплетат волнени,топли

чорапки ,шалови и капи.

Пешачењето е здраво во удобни чевли,

одморете во пејсажот бел,

итајќи така во убавини

стигнете до саканата цел.

Овој свет ги чека

и децата и внуците наши,

затоа внимавајте, чувајте го,

рециклирајте пластични шишиња и чаши .

Животот е забавен,

возете ролерки, велосипед,

а уште позабавно би било

на електричен тротинет.

Да го чуваме ,мазиме и пазиме

овој убав свет,

преку поздрава,посилна младина

полна со ентузијазам

внесена во својот лет.

СВЕТОТ ОБОЕН ВО ЗЕЛЕНО И СИНО

О,колку прекрасно тоа би било !!

Анастасија Тодорова, 9то одделение | Ментор: Ана Симонова



Здрава и чиста околина

Околината треба да биде здрава и чиста
и како ѕвезда да блиста.

За да биде здрава и мека како свила
ќе биде поубава и наша најмила.

Но не во смисла ѓубре да не се фрла,
тоа нормално го знаеме сите.

Туку уште повеќе да ја чуваме и разубавуваме,
за да ни бидат посреќни дните.

Анамарија Јанческа, 5то одделение
Ментор: Злата Стефаноска

Велосипед

Јас сакам да имам брз велосипед,
за да возењето биде брзо и слатко како мед.

Сакам да имам велосипед ваков,
со придодаток за аеродинамичност таков.

Ова е велосипед од фантазија,
со него ќе отидам до Азија.

Христијан Вељаноски, 5то одделение
Ментор: Злата Стефаноска

### Велосипедот од соништата

Мојот велосипед од соништата е розов,
розова му е рамката,
кога го видам валкан,
веднаш му ја бришам дамката.
Стрелките на часовникот бргу минуваат,
децата си го возат својот велосипед,
го контролираат управувачот,
и тоа им е приоритет.
Многу го сакам својот велосипед,
гордо на седиштето седам,
кога го возам мојот мил велосипед,
по градот само убавини гледам.

Ана Аневска, 5то одделение
Ментор: Милена Бојковска
ООУ „Кочо Рацин“

### Велосипед од соништата

Велосипед сакам
да возам јас
и така побргу
ќе стигнам на час.

Внимателно го следам
секој сообраќаен знак
за да бидам секогаш
јас на добар пат.

Ајде да ве замолам
велосипед да возиме сите
поубави за секој
да ни бидат дните.

Јана Петковска, 4то одделение
Ментор: Биљана Масевска
ООУ „Вук Караџиќ“

### Велосипедот од соништата

На пат околу свет
Со него да патувам,
Природни убавини
да сретнувам.

Верен пријател
На две тркала тој е
за прошетки и дружба,
секогаш со мене е.

Анабела Младеновска, 4то одделение
Ментор: Дијана Петрушевска
ООУ „Христијан Карпош“

### Велосипедот од соништата

Од сон се будам
и не можам да се изначудам,
ВЕЛОСИПЕДОТ со кој низ сонот летав,
во мојата соба слетал.
Со црно – бела боја
и брзини пет,
со светло ми трепна
со ѕвонче ми шепна.
Со педалите два – три пати тропна,
од сон ме викна: „Ајде дете стани“,
на дружба весела ме покани.
За подобро здравје
со него ќе се дружам често,
во маалските трки
сакам да го освојам првото место.

Андреј Јовановски Љупкин, 5то одделение
Ментор: Милена Бојковска
ООУ „Кочо Рацин“

Здрава животна средина е задача за сите

Здрава животна средина е
задача за сите.
Сите треба да ја
одржуваме чиста и да ја
држиме на дланка како солза бистра.

Здрава животна средина е
задача за сите.
Љубов кон неа да се покаже
е важно.
Кога гледаме дека ја уништуваат
тоа е навистина тажно.

Здрава животна средина е
задача за сите.
Секој треба да засади барем по
еден цвет за да имаме поубав свет.

Ева Митева, 7мо одделение
Ментор: Китанова Ленче

Здрава животна средина е задача за сите

Ајде дечиња
насадете дрвца во редчиња,
за дрвото да се заблагодари
и чист воздух да ни подари.

Чувајте ја околината
да ни биде чиста,
затоа што здравата животна
средина е задача за сите.

Рафаела Величкова, 7мо одделение
Ментор: Китанова Ленче



Нашата животна средина

Бистри реки, зелени ливади, цвеќиња во разни бои, расцутени дрвја, чист воздух — тоа е недостижната желба на секој човек на денешницата. Се ова звучи како дел од бајка, а реалноста е другата страна од приказната – чад и загаден воздух, реки полни со отпад, пластичните кеси го зазеле местото на шарените цветови...Гушејќи се од чадот на фабриките заборваме на најважната обврска на човекот, а тоа е чистата средина.
Низ зелените и бујни шуми некогаш се слушаше песната на птиците, а сега се слуша плачот на природата која моли за помош. Плаче за исечените дрвја кои биле нечиј дом. Плаче за птиците кои ги напуштиле своите топли гнезда. Океаните, прекрасните сини површини, секојдневно се уништуваат со околу 35 тони отпад. Изумира целиот жив свет – коралите, рибите, китовите...Белиот памук на небото, облаците, повеќе не се бели. Тие ја промениле својата боја во сива поради тешките издувни гасови од фабриките и автомобилите. Големите маси мраз кои се дом на илјадници животни, секојдневно се топат. Се уништуваат и белите дробови на планетата Земја со многубројните пожари и сечења на дрвјата кои се дело на човекот. Омилените места на човекот – зелените полјанки, долгите и пространи плажи сега се претворени во депонии. Неверојатните пејзажи кои волшебниот сликар, природата, ги насликал со својата магична четка и кои го воодушевуваат секого, повеќе не изгледаат како дел од магична приказна туку како место за складирање отпад. Колку ли генерации ќе поминат низ тие 500 години потребни да се разгради само една пластична чаша? И додека сите сонуваме за прекрасна и честа животна средина го заборaваме главниот виновник за загадениот свет, а тоа е човекот.
Можеби смртта на милиони животни ќе го освести човекот за неговата обврска, за нашиот долг кон природата која ќе ни врати со чиста вода и чист воздух, за обврската за чиста средина која треба да ја пренесува на секоја наредна генерација.
Во името на планетата Земја, во името на нашиот живот и среќа, треба заеднички да и помогнеме на природата зашто моќта е во нас самите! Ние ја наследивме оваа животна средина, но треба да ја пренесеме чиста на нашите поколенија!

Теодора Каланоска, 8мо одделение | Ментор: Фила Вероска-Стојковска

## Велосипедот од соништата

Велосипедот од соништата мои,
малечок е со чудесно живи бои.
Во него боите од природата се збрани,
не ја загадува околината,тој нема маани.
Животот со мојот велосипед од соништата
има зелена боја како листовите од шумите,
жолта како јарко сонце што милозливо пече
без рани да ти нанесе,
како синилото на небото
без тронка смог и чад.
И пурпурната боја на залезот ја има тој
не е како дивиот пламен
што само пепел носи од изгорените шуми кои ги коси.
На велосипедот мој од соништата
јас светот сакам да го запознаам,
со ветрец нежен да се спојам,
и сите убавини земни да ги дознаам.

Давор Стојковски, 7мо одделение
Ментор: Ирена Наумоска
ООУ „Гоце Делчев“

## Велосипед од соништата

Сакам да го видам целиот свет
од сиви улици до најубав цвет.
Да патувам сакам, тоа го знае и мама
но не можам сама.

Знам некој кој со мене оди често
и ме носи на секое место.
На јаве и во сонот свој
патувам со велосипедот мој.

Возам лево, десно или право
возењето велосипед е многу здраво.

За природата размислувам често
таа треба да биде убаво место.
Со возење велосипед
се ќе биде во ред.

Кога возиме велосипед
чист воздух ни иде
и природата среќна ќе биде.

Нема да слушаме тажен глас
кој моли за спас,
сонцето сјајно ќе грее
птицата весело ќе пее.

Реки , планини и езера
се ќе биде како рај во секој крај.

Камелија Настеска, 4то одделение
Ментор: Жаклина Ристеска
ООУ „Гоце Делчев“

## Здрава животна средина е задача за сите

Рано наутро се будам
страшна глетка ме тера да судам
Тажна слика околу нас
скршено дрвце, фрлено ѓубре,
сита нечиста средина нѐ гуши.

Една мисла силно светна
убавина пред мене, ко птица летна:

Здрава животна средина
нека биде задача за сите!
Само така ќе ни бидат
весели и среќни дните.

Сите ние кон природата имаме права
треба да ја чуваме убава и здрава.
Запомнете сите жители, во овој час
секогаш зад вас
ѓубрето во канта треба да се става
природата, така с  за нас ќе дава.

Сите ние кон природата имаме задача важна
да ја чуваме и пазиме, да не биде тажна.

Талијан Ѕвончар, 7мо одделение
Ментор: Габриела Стојаноска- Станоеска
ООУ „Гоце Делчев“

## ВЕЛОСИПЕД ОД СОНИШТАТА

Велосипед сакам да имам јас
светот да го завртам за час.
Да можам да откривам нови места
и да одам на прошетка честа.
По улици градски да јурам
бензин не мора да турам.

Зелен и нов да биде
да завиде секој што ќе го виде.
'Shimano' брзини да има
да можам да го возам и во зима.
Црвена, портокалова, жолта, зелена,
виолетова и сина
ете така, шест ѕвезди да има.
Без светла нема да го возам
од небезбедно возење се грозам.

Така со велосипедот на тркала две
ќе ја исполнам мојата цел
да придонесам за средина чиста
ова е на мојата 'to do' листа.

Анастасија Ангелеска , 8мо одделение
Ментор: Елена Биновска
ООУ „Гоце Делчев“

Здрава животна средина е задача на сите. Како да ја зачуваме?

Човекот, како дел од животната средина, има задача да се погрижи за нејзиното зачувување и унапредување. Сè повеќе слушаме за екстремното загадување на градовите со доста штетни гасови, пластиката претставува сè поголем проблем и може да се најде секаде, од највисокиот врв на Земјата, Монт Еверест, па сè до најдлабоката Маријанска депресија.

За среќа има повеќе начини како би можеле да спречиме животната средина да стане апстрактна именка. Прво, би можеле да се организираат "граѓански организации" каде што би се дискутирало за проблемите што постојат во тоа општество, како и решенијата за нив. Секојдневно сме сведоци на луѓе што несовесно фрлаат ѓубре каде ќе стасаат, наместо во канта за отпадоци која се наоѓа пред нив. Воведување на висока парична казна, барем во нашата држава би било добро решение за решавање на проблемот со луѓето кои фрлаат ѓубре насекаде. Треба да се направат организации со волонтери кои ќе го собираат отпадот, како и од копно, така и од водните површини. Загадувањето на водите, кои се загадуваат како и од канализацијата, така и од индустриските води е веќе станато секојдневие. Секое населено место треба да има пречистителна станица, посебно за населбите покрај Охридското Езеро кое претставува дом на преку седумнаесет видови на риби, од кои десет се ендемични. Северна Македонија, како земја со три тектонски езера, треба да ги превземе потребните мерки за заштита на истите. Треба да се размислува долгорочно за водостојот на Преспанското Езеро, кое секоја година губи големо количество на вода. Треба да се прекине со сечењето на езерската трска, која претставува дом на безброј единки на риби. Северна Македонија е планинска земја. Како планинска земја, таа треба да се залага за зачувување на биодиверзитетот во нејзините планини. Трите национални парка и едниот резерват не се доволни за заштита на целокупниот биодиверзитет. Треба да се прекине енормната нелегална сеча на шумите која за жал предизвикува ерозии со катастрофални последици. Додека гасоводот кој сè уште е во изградба, ќе ја намали потребата од сечење на дрвата, сепак, треба да се размислува долгорочно, односно на употребата на алтернативна енергија како најповолно решение. Нашата земја изобилува со сончеви денови, кои се идеални за поставување на сончеви панели, од кои еден е доволен за да ги задоволи потребите на едно домаќинство. Не треба да заборавиме дека Северна Македонија е исто така планинска земја и дека нејзините високи планински гребени често имаат силни ветрови, посебно во зимскиот период. Ова е идеален услов за изградба на ветерници. Додека секоја ветерница обезбедува различно количество на енергија, сепак, една ветерница од 2.5–3 MW може да произведе доволно енергија за преку 1500 просечни ЕУ домаќинства годишно! Со тоа значајно би се намалила употребата на јаглен а воедно и штетните гасови кои што произлегуваат од неговата преработка за да се претвори во електрична енергија. Кога зборуваме за големите гужви во сообраќајот, треба да размислуваме на алтернативниот сообраќај. Бидејќи најголем дел од нашите секојдневни дестинации се наоѓаат на помалку од десет километри, употребата на велосипед е најевтината и најеколошка опција. Но, треба да се размислува и на безбедноста на велосипедистите во сообраќајот. Изградбата на велосипедски патеки со сопствен колосек, одделен од патот резервиран за моторен сообраќај, а воедно и одделен од патеката за пешаци е најидеалното решение. Со изградбата на велосипедски патеки покрај безбедноста на велосипедистите се зголемува и безбедноста како и на учесниците во моторниот сообраќај, така и на пешаците. Секој велосипед би требало да има едно предно и едно задно светло, како и две странични со што би се зголемила неговата видливост во текот на ноќта. Изградбата на меѓуградски велосипедски патеки би било доста поволно решение за спортистите кои го користат велосипедот за патување на големи растојанија. Би можело да се изградат велосипедски патеки меѓу градовите Скопје – Велес, Прилеп – Битола и така натаму. Со договор со други држави би можеле да се изградат многу повеќе велосипедски патеки, како на пример Скопје – Урошевац, Битола – Лерин, Гевгелија – Солун како и многу други кои би биле од големо значење за сите оние кои планираат да го користат нивниот велосипед за големи патувања. Во последно време често слушаме за масовната изградба на мали хидроцентрали на планинските реки на Балканот. Изградбата на тие хидроцентрали мора да запре, бидејќи тие не се енергетски исплатливи, а воедно и би се уништил биодиверзитетот покрај нив. Балканските земји мора да ги прифатат своите разлики и да се обединат во борбата за здрава животна средина што би довело до видливи резултати на сите полиња.

До каде ли ќе одиме? Кога ќе се освестиме? Би можеле многу, многу повеќе. Секојдневно сме сведоци на масовното уништување на животната средина. Сите земји во Светот би требало да си подадат рака, и заеднички да се потрудат да го зачуваат и она мало парче сино небо, капка бистра вода и грутка незагадена почва како аманет за наредните генерации.

Александар Атанасоски, 9то одделение | Ментор: Роберт Ристевски | ООУ „Рампо Левката"

ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА Е ЗАДАЧА
НА СИТЕ. КАКО ДА ЈА ЗАЧУВАМЕ?

ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА НИ ТРЕБА
НА СИТЕ НАС ЗАТОА ТРЕБА ДА
ЈА ЧУВАМЕ СПЛОТЕНИ СИТЕ ДА
ПОМОГНЕМЕ И СИТЕ ДА ГИ ПОВИКАМЕ
НА ЦЕЛИОТ ГЛАС.

ДА БИДЕ ЧИСТА КАКО ВО НАШИТЕ
ДОМОВИ ШТО
ВНИМАВАМЕ ДА БИДЕ ИСТА.

ДА НЕ ФРЛАМЕ ОТПАДОЦИ НА СЕКАДЕ
ПО УЛИЦИ ПАРКОВИ
И ПОРТИ ТУКУ ВО КУЛТУРНО
ИЗЛОЖЕНИТЕ
КОРПИ.
ДА САДЕМЕ ДРВЈА И ЗЕЛЕНИЛА АКО
САКАМЕ ДА ДИШЕМЕ ВОЗДУХ ЧИСТ
ДА ПОМОГНЕМЕ ЗДРАВО ДА ЖИВЕЕМЕ И
ДА ОТВОРИМЕ НОВ ЛИСТ.

ДОКОЛКУ Е НЕЧИСТА ЖИВОТНАТА
СРЕДИНА ВИНОВНИ СИТЕ ДА БИДИМЕ
И ТОА СО СВОИ ОЧИ ДА ГО ВИДЕМЕ.

НАШАТА ЖИВОТНА СРЕДИНА ТРЕБА ДА
ЈА ЧУВАМЕ И ПАЗИМЕ
И НА НЕЈЗИНИТЕ ЗЕЛЕНИЛА И УБАВИНИ
ДА НЕ ГАЗИМЕ.

Анѓела Сиљаноска, 9то одделение
Ментор: Благојче Ристески

Здрава животна средина е задача за сите

Рано наутро се будам
страшна глетка ме тера да судам
Тажна слика околу нас
скршено дрвце, фрлено ѓубре,
сита нечиста средина нè гуши.

Една мисла силно светна
убавина пред мене, ко птица летна:

Здрава животна средина
нека биде задача за сите!
Само така ќе ни бидат
весели и среќни дните.

Сите ние кон природата имаме права
треба да ја чуваме убава и здрава.
Запомнете сите жители, во овој час
секогаш зад вас
ѓубрето во канта треба да се става
природата, така с   за нас ќе дава.

Сите ние кон природата имаме задача важна
да ја чуваме и пазиме, да не биде тажна.

Талијан Ѕвончар, 8мо одделение
Ментор: Габриела Стојаноска- Станоеска

Здрава животна средина е задача на сите. Како да ја зачуваме?

Ги отворам овие мои уморни очи, а глетката што ја гледам околу мене ужасно ме плаши... Пред мене стои со плачливи очи силуетата на нашата некогашна здрава животна средина, која што како овие исушени лисја одлета од нашиот дофат. Зошто? Можеби се прашувате, но дали навистина има потреба за такви прашања кога одговорот е пред вас и бил тука со години. „Здравата животна средина е задача на сите" не моја, ниту пак твоја, туку задача на сите нас. Доста е, премногу далеку отидовме.
Мора да се промениме, да се освестиме и да тргнеме во друга насока... точната насока. Нема полесен пат ниту втора шанса бидејќи она што го правиме во овој момент се рефлектира на нашата иднина. Ние, и само ние можеме да ја креираме нашата иднина, а моментот за тоа е сега. Бидејќи за неколку години ние сме тие што ќе се плашат да излезат надвор поради дупките во озонот, ние сме тие што ќе се плашат да дишат поради големиот број на хемикалии во воздухот. Можеби ќе ме наречете млада и неискусна, но вие како возрасни, зрели и искусни луѓе веќе би требало да се освестите и да се вратите во тешката реалност. Можеби мислите дека со градењето на нова фабрика или висока зграда на местото на таа убава шума ви создава сигурна и убава иднина, но единственото нешто што тоа го создава е хаос.
Дали сте помислиле што ќе им се случи на сите животни, мали и големи кога на местото на нивниот дом ќе ставите висока зграда, за вашиот град да има повеќе посетители и добри коментари. Утре, вашето дете ќе ве праша: – Мамо, Тато, што е тоа тигар?, а вие ќе се најдете во ситуација во која што единствениот начин на кој ќе можете да му објасните е од вашето далечно сеќавање што останало од деновите кога народот направил несовесни и скржави одлуки. Јас постојано гледам на вести и по социјалните мрежи, сите сакаат да се преземат мерки, за да се заштити и зачува нашата здрава животна средина. Но нема ниту еден кој би дал напор и би се потрудил.
Можеби сега губењето на оваа наша здрава животна средина не ви значи многу, но по неколку години ние сме тие што со презир ќе се лутат самите на себе за тоа што сме дозволиле да се случи такво нешто, бидејќи поважно ни било да објавиме нова слика на Инстаграм или да се допишуваме со часови со нашата другарка. Верувајте ми ќе дојде време кога единственото нешто што го гледаме пред нас е големиот број на фабрики и згради, а кога ќе погледнеме долу под нашите нозе веќе нема да има трева туку целиот наш отпад кој не сме успеале да го рециклираме. Дали тоа ви звучи на иднина која би сакале да ја имате? Се разбира не. Затоа професори, доктори, политичари и студенти освестете се! Делувајте! Зашто за добрите дела никогаш не е доцна! Се работи за вашата иднина! Иднината на вашите деца, а подоцна и нивните!   Денес јас сум тука да ве мотивирам и инспирирам вас да излезете од мнозината и да се соочите со иднината, да ја сфатите сериозноста и да преземете чекор напред, бидејќи патувањето од 1000 чекори започнува со само еден единствен чекор, бидете нечие сонце во нивните темни денови и инспирирајте ги да го направат истото, инспирирајте ги да се грижат за животната средина.
Зошто ви е најновиот автомобил кога можете да користите велосипед, зошто го фрлате отпадот на улица кога можете да го рециклирате. Погледнете ја Кина, тие го користат отпадот за да направат едноставни играчки, а ние правиме ридови и планини од отпад и на секој втор чекор има отпадоци. Сега е времето за делување, не утре, не следната недела, сега во овој момент, оставете ги вашите телефони, компјутери или лаптопи и погледнете низ прозорец, што гледате? Гладно или уморено животно, или пак отпадоци низ целата улица, ако тоа е случајот излезете надвор и соберете го ѓубрето или нахранете го животното. Не мора да бидеш подобар од другите, доволно е да бидеш најдобар за себе, одвои се од мнозинството и поттикни ги да ја разбудат својата еколошка свест зашто оној кој екологијата ја става под стапалото, трагата му мириса на нечовечност.

Ивана Дамческа, 9то одделение | Ментор: Благојче Ристески

## БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ ВО МОЈАТА ОКОЛИНА

На улица или автопат
Сообраќајни правила применувам често,
Да преминеш улица
Ако знаеш правило тогаш е лесно.

За безбедност наша
Сообраќајни знаци се поставени,
На некултурни пешаци,
И забот на времето,
Да не бидат оставени.

Велосипедисти на велосипедска патека
Треба да возат,
Да не прекршат правило ниедно
И сообраќајот да го загрозат.

Пешаци на пешачки премин,
Треба да минуваат,
Бидејќи автомобили од двете страни
Често наидуваат.

На семафор светкаат
Три различни бои,
Па пешаците на зелено
Поминуваат заедно сите на број.

Во автомобил кога се возам,
Задолжително со ремен
Треба да се врзам,
Така заштитена, не мора да брзам.

Сообраќајна култура
Треба да има секој,
И да почитуваме правила
Да не дозволиме
да настрада некој.

Моето мото
До учесниците во сообраќајот
Е следно:
“Почитувајте ги правилата
Сите до едно!”

Леонтина Конеска, 7мо одделение | Ментор: Елена Биновска | ООУ „Кочо Рацин”

## Здрава животна средина е задача на сите. Како да ја зачуваме?

Природата е нашето најскапоцено богатство кое треба да го чуваме и да го негуваме. Таа е нашата животна средина која ја делиме со многу живи суштества, сите еднакво вредни, и со бесценета вредност. Погледнете ги тие прекрасни пејзажи што ни ги подарила Земјата, денес човештвото ги уништува. Да се потрудиме никогаш да не ја изгубиме таа убавина – суштествена за да живееме. Сите погрешни чекори ќе доведат до катастрофа. За среќа, таа катастрофа може да се спречи, но не може само еден човек тоа да го стори. Како што велат „со заеднички труд се може да сé постигне", така и ние со заеднички труд мора да ја зачуваме нашата животна средина.
Чадот од фабриките, моторните возила и оџаците од домовите го загадуваат воздухот кој го дишеме. Фрлањето на отпад по улици, ливади, реки, езера и мориња нема да ни помогне во зачувувањето на животната средина.Од загаденоста на средината и несовесното однесување на човекот многу ретки видови на животни изумираат. Исто така сведоци сме на било намерни или ненамерни пожари од кои зеленилото се уништува, а без зеленилото на дрвјата ние нема да имаме доволно кислород за дишење. Сите овие непогоди влијаат врз нашата животна средина. Ние можеме да помогниме во во одржувањето на здрава животна средина со тоа што ќе го фрламе отпадот во соодветни канти за ѓубре. За издувните гасови, фабриките треба да користат филтри, во домовите да се смени начинот на топлење, а моторните возила да користат обновлива електрична енергија и еколошки горива. Да се спречи убивањето на китови, панди и други ретки видови на животни и птици. Да внимаваме да не се предизвикуваат пожари, онакви за какви што цел свет знаеше, им беше скшено срцето, но вниманието згасна одма штом згаснаја пожарите во Амазон и Сибир.
Луѓето на планетата Земја имаат своја цел и причина за одржување на животната средина здрава. Таа е нашиот дом и наше секојдневие. Природата и нејзиното зачувување, одржувањето на здрава и чиста околина е задача на секој од нас. Тоа што заминува неповратно, не се враќа. Луѓето мора да најдат начин, да ја подигнат свеста за важноста на здравата животна среднина, пред да биде доцна. Сé можеме да направиме, но времето не може да го вратиме. Здравата животна средина е задача на сите, грижи се на време, додека можеби има спас – тоа зависи од сите нас!

Мила Нанеска, 7мо одделение | Ментор: Елена Биновска | ООУ „Кочо Рацин”

## ЕКОЛОШКИ ПОВИК

Природата повикува
апел на сите испрати
чистата облека
сака да и се врати.

Да биде небото сино
во шумата зелен лист
насекаде зеленило
и воздух чист.

Луѓето да бидат свесни
екологија да следат
само така
во светот ќе вредат.

Планетата е една
но за нас многу вредна
секому од нас улогата е иста
да се грижиме за неа
и да ја чуваме чиста.

Ванеса Давиткова, 4то одделение
Ментор: Соња Даниловска
ООУ „Никола Карев“

## ВЕЛОСИПЕДОТ ОД СОНИШТАТА

Би било прекрасно кога
би имала велосипед бел
со кој би можела да
шетам по светот цел.

Да биде необичен
едноставен, а практичен
да е и за возрасни и детски
и да зборува на сите јазици светски.

Да се движи така што
мислите ќе ги чита
ако си гладен да ти
подаде овошна пита.

Да чувствува само
среќа, без грам злоба
и секој што ќе посака
ќе може да го испроба.

Ако ја почитуваш
планетата своја
ќе те однесе за миг
на дестинација секоја.

Но, ако си правел
лоши дела или штета
на својата планета
само што ќе седнеш
од срам главата ќе ја наведнеш.

Ете таков велосипед сакам
што ќе подава рака
совети корисни ќе нуди
и свеста на луѓето ќе ја буди.

Теа Митева, 4то одделение | Ментор: Соња Даниловска | ООУ „Никола Карев“

## МЛАДИ ЕКОЛОГИСТИ

Ние сме екологисти млади
чувари на околината драга,
отпадокот го чистиме веднаш
природата да не чувствува тага.

Природата ни дава храна
живот, здравје, среќа
а ние отпадокот секој ден
го собираме во вреќа.

Среќни сме кога
дрвјата цутат и мирис се лее
а сонцето мило сите не грее
кога птиците во природата пеат
и децата весело се смеат.

Ако некој направи грешка
му следува казна што не е тешка
да посади дрво или цвет
да биде убав овој свет.

Мила Арсова, 4то одделение
Ментор: Соња Даниловска
ООУ „Никола Карев“

**Велосипед од соништата**

Велосипед од соништата е секој,
Голем, мал, во сите бои.
Ја одржува природата чиста,
Патува, вози, километри не брои.

На училиште со него одиш,
Патуваш со тој чудесен велосипед,
Во сите бои, брзо вози,
Велосипед од прв ред.

За секој што сака да живее,
Во град со зеленило и рози,
За секој што сака воздух чист,
Својот велосипед треба да вози.

За да останеме здрави,
И ништо да не ни фали
За да живееме во околина чиста,
Треба да возиме велосипед и големи и мали.

Катерина Манчевска, 9то одделение
Ментор: Драгана Манчев

**Сообраќајна култура**

Во нашата мирна улица
разиграни деца врвулица,
птиците на дрвата пеат
бабичките под сенката се смеат.

Оваа хармонија е нарушена
од еден брз моторџија,
вози тој двесте на час,
без да мисли на сите нас!

Друго дете велосипед без кацига вози,
кога го виде чичко полицаец му се згрози.
Девојчето по среде улица трче,
а автомобилот до неа буче.

Да бидеме совесни учесници во сообраќајот
за да се врати на нашата улица рајот,
нашата сообраќајна некултура
да прерасне во светска култура!

Никодим Поп Гонов, 6то одделение
Ментор: Лидија Трајкова

**Велосипедот од соништата**

Си имав
една мисла во глава ,
но не знаев дали
за да ја кажам е права.

Мечтаев јас
со срце и душа,
да имам велосипед
кој ќе ме слуша.

Да ме води насекаде
каде што сакам,
но потоа повторно
дома да се вратам.

Со мојот другар
патував често
и во сон потонував
многу лесно.

Набргу јаве стана
мојот сон
и сега велосипедот си го возам
со предупредувачки ѕвон.

Александра Лазарова, 6то одделение
Ментор: Лидија Трајкова

ВЕЛОСИПЕД ВО БОЈА

Две тркала
ко пердуви лесни,
ме носат
низ улици тесни.

Во еден здив,
само за миг,
ги поминувам патиштата,
улиците и ридиштата.

Не е шега, не е лага,
јас можам далеку
да стигнам,
на велосипед, тротинет,
со ролерки да го поминам
целиот свет.

Нека биде пинк, нека биде розе!
Многу, многу брз со светкаво ѕвонче.
Да се вози храбро, внимателно и смело,
сам е лесно, но со другари е интересно!

Јоана Манасиева, 7мо одделение
Ментор: Лидија Трајкова

**Мојот велосипед**

Мојот велосипед
многу си го сакам
но, понекогаш
мечтаам и барам,
сакам некој брз велосипед
што може да ме однесе
во некој друг свет.
Сакам да е висок,
а не низок
сакам да е црн,
а не син
сакам да има
турбобрзина
да можам да летам
сто километри на час.
Не сакам
ништо друго јас
освен овој
супер брз и турбо велосипед
за да стигнам на час.

Персида Сарамандова, 8мо одделение
Ментор: Славица Манчева

"Здрава животна средина
задача на сите"

Еден прекрасен есенски ден излегов од дома и отидов да купам нешто од продавницата.

Излегов и пред мене на патот видов две празни шишиња .Ги земав и ги фрлив во кантата за отпадоци.Потоа на едно мало дрвце видов како висат најлонски кесиња како лампиони.Ги зедов и нив ги фрлив.Од продавницата ги купив потребните работи и тргнав накај дома.Пред мене имаше едно девојче кое ја испи водата од шишето а шишето го фрли токму пред мене.Тогаш јас ја прашав зошто постапи така,а таа ми одговори дека ја мрзело да отиде до кантата за отпадоци и да го фрли отпадокот.Јас и реков дека така ја загадува планетата а таа не заинтересирано си отиде.Нејзиниот отпад го фрлив јас.Следниот ден заедно со моите родители отидовме на прошетка ви градот Охрид.Бев многу возбудена да го видам езерото со неговите убавини.Кога стигнавме,многу се разочарив.Езерото беше навистина многу нечисто.Насекаде имаше отпадоци од:стакло, дрво, пластика,хартија и други отпадоци.Исто беше и покрај плажата.

Тогаш си помислив: Зошто некои луѓе фрлаат насекаде отпадоци?Зошто не се грижат за планетата?Но се надевам дека свеста на луѓето ќе почне да се качува на повисоко ниво.И дека сите луѓе ќе почнат да се грижат и да ја сакаат нашата единствена планета Земја.

Елена Ѓорѓичкова, 8мо одделение
Ментор: Лидија Трајкова

Велосипед

Велосипед убав имам
со него видеа снимам,
го возам секој ден
и ќе бидам здрава како дрен.

Да возиш велосипед е здраво
Затоа сум во право,
околината не ја загадува
тоа мене ме радува.

Валерија Стојанова, 4то одделение
Ментор: Мариче Лазоска

## Велосипедот од сонилиштата

Има еден велосипед од моите сонови што јас многу го сакам. Марката на тој велосипед е CONNECT. Тој велосипед го сакам од второ одделение кога еден мој другар ми даде да го возам неговиот што беше истиот. Ги молив моите родители да ми го купат тој велосипед. Знаев дека се продава и дури знаев колку чини. И од тој ден до сега го сонувам тој убав велосипед.

Филип Пејков, 5то одделение | Ментор: Силвана Бибовска

## Ден без автомобили

Автомобилите природата ја загадуват и нас не растажуваат. Автомобилите го загадуват воздухот, природата треба да ја разубавуваме, а автомобилите да ги оставиме. Велосипедите ни даваат лек за цел век. Автомобилите ја загадуват животната средина затоа возете ВЕЛОСИПЕДИ.

Симона Георгиевска, 5то одделение | Ментор: Силвана Бибовска

## Велосипедот од соништата

Заврши учебната година и почна летниот распуст. Сите мои другарки се возат на нивните велосипеди секоја вечер.

Една вечер јас почнав да сонувам за мојот нов велосипед. Мојот сон почна вака: -Таа вечер си легнав и после некое време заспав и почнав да сонувам за мојот нов велосипед. Тој бешеваков: тој имаше црвено кормило и црвено седиште со црна боја околу него. Јас на мојот велосипед се возев секој ден на мојот велосипед. Другата вечер јас пак сонував за истиот велосипед. Јас отидов кај моите другарки да се возам со нив и видов дека и другите имаат различни велосипеди. Мојот велосипед го сакам многу тој ми е како другар. Еден ден јас кога отидов да се возам со нив тие веќе беа отидени, но јас не им се налутив затоа што не ме почекале туку јас си отидов дома и кога се разбудив татко ми и мајка ми ми донесе истиот велосипед од соништата.

Јас утре вечер заспав и повеќе не сонував за велосипедот. Мене не ми беше жал затоа што го имав дома истиот.

Ирина Лазарова, 4то одделение | Ментор: Мариче Лазоска

## Велосипед од соништата

Наутро во часот ран,
Јас и мојот велосипед,
одиме да го прошетаме целиот свет!

Утрото свежи бакнежи ни дели,
Ни испраќа поздрави,
убави, бели.

Нашето возење да нема крај,
со песна весела се возиме знај.
Тра-ла ла, тра-ла ла
Вози и ти,
на две тркала!

Ангела Николова, 5то одделение
Ментор: Силвана Бибовска

## ВЕЛОСИПЕДИСТ

Секој велосипедист
би посакал,
патот да му е чист.

Велосипедот треба
да е убав и чист,
да лета
како есенски лист.

Во шумата да се возиме
безбедно на патот
и цвеќиња да имаме
околу вратот.

За нашата песна
да чуе целиот свет,
и планетата Земја
да стане шарен цвет.

Ајде сите на
велосипеди
да научиме
како се штеди!

Софија Костадинова, 5то одделение
Ментор: Силвана Бибовска

## МАГИЧЕН ВЕЛОСИПЕД

Вторачe мало сум јас,
редовно на секој час.
Имам желба голема
скоро еден тон,
Ве молам слушнете ја,
да не биде само сон!

Велосипед магичен сакам јас,
песна да испушта
со најсилен глас:
Ајде секој со велосипед
нека вози право,
секое дете да има
детство здраво!

Бојана Бибовска, 2ро одделение
Ментор: Стоја Митровска

## ВЕЛОСИПЕДОТ ОД СОНИШТАТА

Велосипедот е убаво да се вози бидејки воздухот треба да ни биде чист. Има еден велосипед што сум го сакал од прво одделение. Марката на тој велосипед се вика МАХ. Сепак и покрај тоа што сонував за познатиот велосипед, имав еден велосипед со кој си замислував дека е веосипедот од соништата.

Секогаш сонував како јас го имам тој велосипед. Сонував како секојден го возам тој велосипед со моите другари. И ги сонував миговите кога паѓав од велосипедот, но со намсевка се исправував и гордо продолжував да возам. Кога секогаш си одев од училиште ги гледав моите другари како се возат со тој велосипед. Си велев дека и јас многу сакав да им се придружам, но неможев. Секогаш во сон бев посреќен, а кога не сонував бев натажен. Постојано ги прашував моите родители да ми го купат тој велосипед но, не ми дозволуваа. Секој месец ги прашував но, ништо. Така прашувајќи, за две години одлучија веќе да ми го купат велосипедот за кој сонував. Многу бев среќен и го возев постојано.

Се чувствував како да сум најпознат во целиот свет со мојот омилен велосипед. Тој ми беше и ми е велосипедот од соништата. Би сакал секое дете во светот да ја почувствува таа среќа, тоа чувство на радост, возбуда, задоволство.....

Александар Петров, 5то одделение
Ментор: Силвана Бибовска

## ПРИРОДАТА НАША МИЛА

Природата наша мила
ни дава љубов, живот, убавина и сила!
За нашата душа е мила,
а во нашиот живот
поглед свила.

Природата наша мила
бара топла љубов и нега
за ние децата да ја чуваме
со сета наша сила.

Зелените шуми наши,
ливадите со големи паши,
реките што жуборат силно,
морињата брановидни силни,
се наши те големи вили!

Марија Даова, 5то одделение
Ментор: Силвана Бибовска

## Чиста Планета

На сите нас
животот ни е важен,
сите да сме среќни
да нема никој тажен.

Но, и планетата
истото го сака
и често ни вели вака:
Ајде помогнете како што помагате
на секој и пружете рака!

Александра Петрова, 5то одделение
Ментор: Силвана Бибовска
ООУ „Никола Карев“

## ВЕЛОСИПЕДОТ ОД СОНИШТАТА

Секое дете сака велосипед во рака,
и сака да го вози без мака.
Децата верувачи во соништата
желби за нов велосипед посакуваат.

Децата велосипедисти сакат да станат,
природата од разни гасови да ја спасат.
Еколошката свест да ја кренат,
не само во сон , туку и на јаве.

Светот поубав да биде со велосипедисти да се краси
повеќе никогаш да не се гнаси.
Сите среќни весели да бидат
соништата детски сите да ги видат.

Елена Арсова, 5то одделение
Ментор: Силвана Бибовска
ООУ „Никола Карев“

## Здрава животна средина е задача на сите

Ќе бидам вистински екологист
ветувам дека тоа ќе се случи.
насекаде ќе има зелен лист
во еко акција секој ќе се вклучи.

Премногу автомобили
по улиците се движат
А за парковите
ретки се луѓето кои се грижат.

Зошто со отпадоци
планетата да се чувствува бедно?
Зошто да стравуваме
што ќе се случи следно?

Сакаме чиста планета
секоја птица да може слободно да лета
да не се гуши во овие магли
и да нема отпад во сите агли.

Земи велосипед во рака
живеј здраво!
Размислете сите
бидејќи тоа е право.

Да ги отвориме очите
и другите да ги разбудиме
Зошто на нечиста планета
сами ќе се осудиме.

Габриела Поцева, 5то одделение | Ментор: Анета Јанковиќ | ООУ „Коста Рацин”

Здрава животна средина е задача на сите. Како да ја зачуваме?

Живеам во Свети Николе, град сместен во срцето на Овчеполието, место кое што природата го дарувала со изобилство на природна убавина. Во нашето место постојат голем број на разновидни растителни и животински видови. Некои од нив се и ендемични видови -заштитени со закон, како што се Овчеполската жалфија и Царскиот орел. Можеби има и други, но јас ги знам овие. Јас многу го сакам мојот град , неговата околина и сакам да истражувам во природа, па затоа сум и член во извидничкиот одред „Гоце Делчев“.

Природа, таа е моќен збор кој во себе ги содржи сите растителни и животински видови, сите геолошки карактеристики на Земјата, реките, езерата, морињата, Сонцето, ѕвездите ...Природа, се што постои околу нас-мал збор со многу богатства. Богатства кои ни се дадени на безусловно користење на нас луѓето, како најсовршени суштества на планетата Земја.Човекот е должен да ја користи природата, но не и да ја искористува. Да ја чува и сочува за идните генерации. Но ,брзиот начин на живот и постојаниот развој на технологијата допринесуваат човекот се понесовесно да се однесува кон својата околина.

Живеам во средина во која што попрактично е отпадоците да се оставаат до контејнерот наместо во него-неодговорност на самите нас или таков е нашиот менталитет. А потоа животните се главни виновници за растурените отпадоци по улиците.

Живеам во мало место ,во кое што никој несака да пешачи—освен ако тоа не е препорака од доктор. Сите се движат со автомобили, скутери, па дури и електрични тротинети...А воздухот секоја година е позагаден и позагаден. За бучавата и да не зборувам.

При обработка на почвата се користат различни пестициди...

Животната околина е се позагадена и позагадена.

Наша обврска и задача е Здрава животна средина. На оваа задача ние се потсетуваме само на одредени денови: Ден на екологијата-ден на пролетта, Ден на планетата Земја, Европска недела на мобилност, Ден на дрвото...Во тие одредени денови сите се растрчани, смислуваат различни активности: селелектирање на отпадоци, возење велосипеди, користење здрава храна, пешачење, собирање електронски отпад, рециклирање... Во тие денови сите учесници во тие акции: ученици, наставници, граѓани...,сите се среќни и исполнети. Иако во текот на денот имале повеќе обврски и работеле цел ден, сепак на нивните лица има убава широка насмевка. Сите се сплотени , задоволни од постигнатото и целата околина е видоизменета, па дури и песната на птиците поинаку звучи, некако е помила и го грее срцето. Многу ми е убаво во тие денови.

Но, потоа системот се рестартира и се враќа по старо, насекаде отпадоци ...и истите навики.

Се прашувам: Што можам да направам, за да се промени оваа ситуација? Како да ја вратиме песната на птиците? Зошто самите го уништуваме нашето место на живеење? ....

Прашања, прашања ми се вртат во главата, а одговорите ги нема. А наше загарантирано уставно право е здрава и чиста животна средина. Така замислена во главата почна да ми се врти изреката-„Иднината останува на младите“, а тоа е можеби и решението.

За ова ќе ми биде потребна и помош, најмногу од моите другарчиња. Ох, драги другарчиња да ги засукаме ракавите и да започнеме, да ја спасуваме нашата иднина-имаме полни раце работа. Да ги смениме нашите навики:

Отпадоците да ги фрламе во контејнерите, да користиме органски произведена храна, почесто да пешачиме, да засдиме повеќе дрвја, цвеќиња и да ги одржуваме. Промената да ја започнеме од самите нас.

„Ти мора да бидеш промената која сакаш да ја видиш во светот - Ганди.

Ивона Давкова , 6то одделение | Ментор: Роза Цветкова

## ВОЛШЕБНИОТ ВЕЛОСИПЕД

За мојот роденден мајка ми и татко ми ми купија нов зелен и убав велосипед. Првиот пат кога го возев мојот нов велосипед, кога требаше да закочам, тој сам закочи.
Исто така кога со мојот другар се тркавме со велосипеди, а јас губев и требаше да забрзам, на мојот велосипед се појави брзиномер и сам забрза и победив.
Првиот пат кога пробав да дрифтам,тој сам се сврти кога требаше.Еден ден кога дрифтав, свртив осум круга и се појави вистинскиот изглед на мојот велосипед.
Тој изгледаше вака:
-Имаше брзиномер, дугме за забрзување, дугме за дрифтање и кочници кои закочуваат кога треба.
И јас реков дека тој е истиот велосипед што еднаш го сонував.

Валентино Атанасоски, 4то одделение
Ментори: Наталија Петрова, Елена Новаковска | ООУ „Кочо Рацин“

## ДЕЦАТА БЕЗБЕДНИ ВО СООБРАЈЌАЈОТ

Уште од многу мал,
мама и тато ме советуваат,
кога улица преминувам,
многу да внимавам.

Ученик сум сега,
мислам дека е лесно,
пред да преминам улица ,
погледувам лево и десно

На пешачки секогаш минувам,
сообрајќајните знаци ги почитувам.
и возачите треба совесни да се,
за ние децата безбедни да сме.

## Безбедност во сообраќајот во мојата околина

Еден убав есенски ден кога јас и мојот дедо требаше да одиме на училиште. Ја преминувавме улицата на пешачки премин. Само што тргнавме еден автомобил го чукна дедо ми по ногата. Дедо ми беше добар, само малку го болеше ногата. Човекот ни се извини, но пред да си отиде јас му реков: „ Чичко те молам другпат внимавај во сообраќајот”. Чичкото ме бакна во образ и рече дека другпат многу ќе внимава во сообраќајот. Секогаш кога ќе помине на мојата улица ме поздравува.

Лука Спиров, 5то одделение | Ментор: Сузана Спирковска | ООУ „Кирил Пејчиновиќ“

## Избери велосипед

Пробај барем на еден ден
да бидеш еко зелен.
Наместо во училиште со автомобил
родителите да те носат,
качи се на велосипед
и твоите нозе ќе те донесат.
Попат ќе се расониш
и чист воздух ќе се надишеш,
Ќе слушнеш како птиците убаво пеат,
ќе почувствуваш како сончевите зраци
наутро нежно те милуваат и греат.
Природна убавина ќе видиш пред твоите очи
утринско ветре музика ти точи.
Попат ќе сретнеш и некои другари
со кои ќе размениш убав збор и насмевки.
Чист воздух сите сакаме да дишеме ,
со велосипед да помогнеме,
загадувањето од овој свет да го избришеме.
За да бидеме здрави како дрен
да помогнеме уште од овој ден!
Затоа избери велосипед и уживај
биди совесен и не загадувај!

Сара Јованов, 8мо одделение | Ментор: Катерина Аницин | ООУ „Владо Тасевски“

## Велосипедот од соништата

Мојот велосипед
златно ѕвонче има,
а исто така и пропелер
за кога ќе надојде плима.

Велосипедот да има крилја
меки како сон,
со златно ѕвонче
да разлевам убав ѕвон.

Може и едно моторче да ставам
да возам низ град,
само да не прави
многу гнасен чад.

Таков велосипед
јас многу би сакал,
штета што секогаш морам
во соништата да го враќам.

Горазд Стојкоски, 5то одделение
Ментор: Сузана Спирковска
ООУ „Кирил Пејчиновиќ"

## ВЕЛОСИПЕДОТ ОД СОНИШТАТА

Децата ширум светот,
свој сон имаат,
некој диригент да стане,
а некој пак, пејач да биде.

Ширум земјата,
велосипедист славен сум видел,
од држави до држави возел
и од Кина до тука се движел.

И јас сакам велосипедист да станам,
велосипед брз да имам,
по патишта да јурам,
далечни земји да видам.

Велосипед прекрасен да имам,
убави тркала, црвена боја,
голем и брз да биде,
низ сите препреки да мине.

Димитар Ицевски, 5то одделение
Ментор: Зорица Димова
ООУ „Невена Георгиева –Дуња"

## ВО МОИТЕ СОНИШТА

Во моите соништа
една убава слика,
некако чудно ми блика.
Во моите соништа ,
природа се буди ,
цветчиња рој,
пчелички в бој.

А таму е чисто
ко детска солза.
Само велосипедисти добри
со велосипеди во разни бои,
правила почитуваат и
природа не загадуваат.

Во моите соништа, често,
се чудни велосипеди.
На сите велосипедисти
природата им вреди.
Сонце нека сјае,
природа нека зјае,
чаеви да има, за во зима.

Нина Славевска, 5то одделение
Ментор: Тања Горгиева
ООУ „Наум Охридски"

## Велосипед од соништата

Кога би имал можност да го замислам мојот велосипед од соништата, јас би сакал тоа да биде електричен велосипед што менува брзини. Можеби ќе звучи чудно, но мојот велосипед волшебно ќе може да ја менува својата големина. Тоа ќе биде велосипед за целото семејство. Ќе расте како што растат и децата. Со едно копче ќе може да биде велосипед за моето мало братче, а кога тој ќе заврши со возење велосипедот ќе се зголеми за да го возам јас.
Со него ќе одам до училиште, а штом стигнам тој ќе се претвори во џебен велосипед и нема да треба да го паркирам. Така велосипедот секаде ќе доаѓа со мене, и нема да може некој да ми го украде. Но, се плашам дека може да го изгубам ако не внимавам. Но, овој велосипед ќе биде и многу умен. Ако ми падне од рака ќе почне да свири и нема да се смири додека не го кренам.
Велосипедот ќе биде мојот најдобар другар од кого нема да се делам. Со него ќе стигнам секаде и ќе посетам различни места. Кога би имало за сите вакви велосипеди мислам дека сите би биле посреќни. Нема да има потреба од големи паркинзи, широки улици за возила. Секаде ќе има тревници и паркови и нашето место ќе биде поубаво за живеење. Воздухот ќе биде чист, сите ќе бидат посреќни и секој ќе стигнува каде што треба да стигне на време.
Баш би сакал оваа моја желба да се исполни и да постојат вакви велосипеди.

## Здрава животна средина

Здрава животна средина треба да има
филмови во природа да се снима,
децата да живеат во живеалиште здраво,
за секое од нив да израсне право.

Дрво, цвет, голем бор
треба да има во секој училишен двор.
внимавај со природата што правиш,
еден ден во ѓубре може да се давиш.

Пчели и оси треба да има
за секое дете мед да прима.
загаден воздух, ѓубре насекаде,
па тоа не смее да се случи,
тоа секој да го научи.

Некој од загаденоста плаче,
а друг малтретира некое маче,
нека не ти се случи и тебе
бидејќи одговорност ќе чувствуваш во себе.

Теа Сапунџиев, 5то одделение
Ментор: Сузана Спирковска
ООУ „Кирил Пејчиновиќ“


ВЕЛОСИПЕД ОД СОНИШТАТА

И НА ЛАДЕН ВЕТЕР
И НА СНЕГ
ЈАС ГО ВОЗАМ
МОЈОТ ВЕЛОСИПЕД

СО НЕГО СЕКАДЕ
СТИГНУВАМ ЗА ЧАС
ЗА ГУЖВА И МЕТЕЖ
НЕ СЕ СЕКИРАМ ЈАС

НО НАЈМНОГУ САКАМ
МОЈОТ ВЕЛОСИПЕД
ДА ИМА КРИЛА
ОД МАГИЧНА СИЛА

САКАМ СО НЕГО
ДА МОЖАМ ДА ЛЕТАМ
И ЦЕЛИОТ СВЕТ
ДА ГО ПРЕЛЕТАМ

АКО ТАКА СЕ
ДВИЖИМЕ СИТЕ
ПОУБАВИ ЌЕ НИ
БИДАТ ДНИТЕ

Калина Смилевска, 3то одделение
Ментор: Тања Калинска
ООУ „Невена Георгиева Дуња“

## Велосипедот од соништата

Велосипедот од моите соништа
сакам да го имам,
толку убав ќе биде,
што од секој пофалби ќе примам.

Велосипедот ќе
биде само мој,
кога ќе излезам надвор,
деца ќе се собираат како пчели рој.

Мојот велосипед
ќе биде најубав на свет,
ќе биде целиот шарен
како еден цвет.

Од мојот велосипед
пошарен нема да има,
ветувам ќе го возам
и во лето и во зима.

Можеби некое дете,
мојот велосипед нема да го сака,
но со тоа
нема да имам мака.

Со мојот велосипед
секаде ќе одам,
дури и на училиште
со мене ќе го водам.

Мојот велосипед
никој да го украде нема,
секаде со мене
ќе го земам.

Мојот велосипед
најмодерен ќе биде,
додека модата
не му мине.

Андреа Ѓорѓијоска, 5то одделение
Ментор: Сузана Спирковска
ООУ „Кирил Пејчиновиќ“

## Спротизборка

Еј луѓе
какви се вие створови?
Ќе се обидам да ви зборувам
со спротивни зборови.

Немате свест ни срам
тоа уште од малечка го знам.
За ништо не се грижите,
а успеси сакате да нижите.

Каква ви е
таа математика,
кога загадувањето
ви е табу тематика.

Секој понеделник
пред на училиште да стигнеш
потруди се кантата за отпадоци
на клоци да ја дигнеш.

Секој вторник
додека дома седиш
потруди се струја
да не штедиш.

Во среда
гази ги цвекињата
во школскиот двор
додека чекаш за часови по хор.

Во четврток
крши ги ниските гранки
и како победник
триј ги своите дланки.

Во петок
покрај Вардар оди
и сета пластика
фрли ја во неговите води.

Во сабота
замоли ги тато и мама
да ти се придружат
да не си сама.

Во недела
на пикник оди
и прави
што ти годи.

Фрлај отпадоци
загадувај води
уништи се
па дома оди.

Еве така
ќе ви кажам
од збор до збор
ништо нема да ве лажам.

И за крај
следи го овој тренд
немој да си сам
основај си и бенд.

Миа Шеќероска, 6то одделение | Ментор: Тања Јанкуловска | ООУ „Блаже Конески“

## ЕКО свет

Еден, два, три, четири и пет,
сакаме чист воздух во целиот свет,
патувајте сите со својот тротинет!

Ајде да возиме ролерки, тротинет или велосипед,
така ќе имаме почист и поубав свет!

Во чиста и здрава околина да живееме сите,
со игри и песни ќе ни минат дните!

Анастасија Николовска, 5то одделение
Ментор: Станка Мицевска
ООУ „Гоце Делчев“

## Велосипедот од сонишатата

Мојот велосипед од соништата е велосипед без којшто не можам многу брзо да возам. Велосипед со којшто ќе возам низ природата опкружена со зеленило, со растенија и со други нешта. Секој треба да користи велосипед наместо автомобили и многу други возила, бидејќи ако секој вози автомобили воздухот ќе биде премногу загаден. Секако има и правила за возење велосипед. Едно од тие правила е секогаш кога возиме велосипед да не возиме каде што ќе сакаме..туку треба да возиме по велосипедска патека којашто е наменета само за велосипеди.
Ваков треба да биде велосипедот од моите соништа со којшто ќе возам насекаде.

??????????????

Велосипедот од соништата

Животот е како возење велосипед. Тој тече и врви нанапред како што се движи велосипедот, држејќи рамнотежа низ сите нови животни предизвици. Понекогаш, с  што ни е потребно е еден велосипед!

Таа мисла се разбуди во мене. Да си купам свој велосипед. Велосипед којшто ќе ме придружува во сите мои авантури, на сите мои патувања..Велосипед со којшто ќе можам да прошетам по сивите улици, па до најшарениот цвет. Велосипед со којшто ќе можам да ги посетам сите градови и паркови. Да се искачам на високите планински врвови и да го видам целот свет. Кога возам велосипед, се чувствувам како да лебдам над облаците. Студениот ветер ми поминува низ косата, сонцето сјае над мене, врапчињата црцорат и ги пеат најубавите песни. Секое возење, претставува мал одмор. Тие се малите нешта коишто ме прават среќна. Велосипедот ме напојува со позитивна енергија. Животот како и велосипедот оди по угорнини и падови. Некој пат успорува, некој пат забрзува. Некогаш н  вози по калдрма, а другпат по асфалт. Но, затоа ние мораме да држиме рамнотежа и со нашиот велосипед од соништата да возиме низ нашиот живот.

Не е важно како изгледа вашиот велосипед, важно е да го возите со гордост. Јас не возам велосипед за да додадам денови во мојот живот, јас возам велосипед за да дадам живот на моите денови.

Јана Давидовска, 8мо одделение
Ментор: Маја Наслатковска | ООУ „Гоце Делчев"

Велосипедот од соништата

Секој има свој сон, па така и јас. Мојот сон е да имам велосипед. Но, не каков било, туку супер-велосипед.

Мојот супер-велосипед посакувам да има крилја и со нив да можам да летам додека од него свири музика. Онаков да може да вози и на вода и на копно. На него да има едно копче  кое доколку го притиснеш, велосипедот да се трансформира во брод. Би сакала да свети во секакви бои. И, најважно од с  е да им три седишта. Освен јас, да може со него да се возат и моите другарчиња.  Јас верувам дека секој велосипед од соништата е убав на свој начин, но ова е мојот опис за велосипедот од соништата.

Софија Додевска, 6то одделение
Ментор: Маја Наслатковска | ООУ „Гоце Делчев"

Велосипедот од соништата

Ова утро се разбудив со една мисла: да купам велосипед и да го возам насекаде: низ мојата улица, паркот или градот.

Имав заштедено пари и излегов со моите родители да најдам велосипеди да го купам. Одевме низ продавниците и наидовме на велосипеди на продажба. Влеговме внатре и видов еден син велосипед со црни рачки и седиште. Бидејќи сина беше мојата омилена боја, а и велосипедот беше прекрасен и имаше одлична цена, без размислување го купив.

Стигнавме дома. Откако ручав, излегов во моето маало да им се пофалам на другарите.Тие многу го засакаа и ме прашуваа дали ќе може тие да го повозат. Знаев дека ако му го дадам велосипедот на еден другар, ќе сакаат и останатите, па станав себичен и не им дозволив. Кога игравме фудбал го оставив велосипедот кај другите. После долгиот и заморен натпревар, се вратив кај велосипедите и само што се качив на него се слушна едно БУМ. Гумата на велосипедот пукна. Нервозен дојдов дома, им раскажав на родителите што се случи и легнав во кревет. Цела ноќ си велев:„Ете што ќе се случи кога си себичен, затоа гумата сега е пукната". Следното утро појадував и татко ми ми рече да излезам надвор. Кога излегов видов дека на местото на пукнатата гума беше ставена нова. Бев многу среќен. Знаев дека ова ми е втора шанса и после ручек повторно излегов да играм со другарите. Но, овој пат го давав велосипедот на сите, за сите да бидеме среќни. Оваа случка ме поучи дека не треба никогаш бидам себичен.

Мојот велосипед од соништата ми ги остварува сите желби во реалноста. Среќен сум што преку него ја научив вредноста на другарството. Радосен сум што можам секој изминат ден со велосипедот да доживувам нови авантури и на тој начин да ја истражувам околината во којашто живеам.

Стојанче Стојчески, 7мо одделение
Ментор: Маја Наслатковска | ООУ „Гоце Делчев"

## Велосипедот од соништата

Се сетив во еден миг,
да размислувам како дете,
да имам изум страшен,
па да останам вџашен,
со него секаде да стасам
и околината да ја спасам.

Околината – животна средина наша
кога ќе се уништи цела,
сè ќе се направи каша.
Торнада, ветришта, урагани,
каде никогаш не биле,
а пак луѓето смирени повторуваат:
„Сè ќе средиме."

Отпадоци на сите места
гледам каде и да трепнам,
шишиња фрлени празни,
а автомобилите пак, возат,
поминуваат и само „згазни"!

Ќе создадам велосипед прав,
убав и силен како лав,
тој гас ниеден нема да пушти,
ќе биде мирен, тивок,
а не ко радио да шушти.
Корпа за отпадоци ќе има тој
и ќе ги собира во задниот дел свој.
На рачките филтер голем,
како за него створен,
со него секоја честичка ќе биде чиста,
како солза бистра.

Ќе има простран багаж,
за рециклирачка хартија,
а кога ќе се обработи по некое време,
што да видам,
нова пак ни ја вратија.

Животната средина – кралица за живот наша,
ако не ја спасиме,
никој не ќе може да ја стаса.

Без неа нема живот,
па промени се и смени си го стилот.
Затоа обновувај, селектирај,
собери и рециклирај!

Ангела Бошковска, 9то одделение | Ментор: Виолета Јовановска-Никовска | ООУ „Димитар Македонски"

## Од љубов кон Мајката Земја

Од љубов кон Мајката Земја
го пишувам овој стих!
Од љубов кон Мајката Земја
ајде заедно да дејствуваме
тука во овој миг!

За водата кристално чиста,
што се бранува, што жубори,
би ја напуштиле ли нафтата црна?
Би ја сменилe ли за
богатството во пивките извори?

За ветерот низ лисјето што минува
и по лицето нежно што нè милува,
за воздухот што здивот ни го точи,
би го отстраниле ли смогот
што работата им ја кочи?

За планините високи, стројни,
за шумите зелени, сè помалубројни,
би ги срушиле ли нашите замоци од смет?
Би рециклирале ли за почист свет?

За почвата чиста да стои,
би се потпреле ли само на минералните соли?
За птичјата песна рано в зори,
би го замениле ли автомобилот
со велосипедот кој многу потивко вози?

За сонцето златно што сјае,
денот студен што го стоплува,
несебично живот што дарува.
О, зошто тој живот
би го спречиле
безгрижно тука да царува?

Од љубов кон Мајката Земја
ве прашувам сега вас:
Што се децата без нивната мајка?
Одговорот, ве молам, побарајте го
веднаш во овој час.

Меланија Филиповска, 9то одделение | Ментор: Виолета Јовановска-Никовска | ООУ „Димитар Македонски"

Здрава животна средина е задача на сите. Како да ја зачуваме?

Сигурно барем еднаш во денот ќе наидете на еко-содржина, на социјалните медиуми или пак на некоја телевизиска програма. Секако на тоа одговарате со добро познатата фраза „Ништо не можам да направам сам“, или „Тоа не ме интересира“ и многу други безвредни одговори. И покрај сите начини за подигање на свеста на луѓето ние сè уште сме несвесни за последиците - правиме постапки кои полека, но сигурно ќе стават крај на човештвото. За водење бескорисни еколошки дебати секој е експерт, но кога ќе дојде време за спроведување на идеите на дело, тогаш сите се повлекуваат. За овој тип на луѓе екологијата не важи, природата е едно големо НИШТО, а животот на идните генерации не ги интересира. Многу сум сигурурна дека во следниве примери ќе се пронајдат голем дел од луѓето. Што претставува вистинит, а истовремено многу загрижувачки факт.
Имаме потреба од некои производи прехранбени, хигиенски... Затоа секојдневно одиме во супермаркет. Дали паметите кога не сте побарале пластична кеса? ДАЛИ МОЖЕБИ НЕКОГАШ СТЕ ПОМИСЛИЛЕ КОЛКАВА ГРЕШКА ПРАВИТЕ И КАКВА ШТЕТА ПРИЧИНУВАТЕ? Претпоставувам не. Ако разговарате со некој повозрасен ќе ви каже дека во минатото стаклените шишиња од вода, сок, млеко, алкохолни пијалоци ги враќале во продавниците од каде што биле испраќани во фабриките каде што биле повторно полнети. А денес можат да се видат искршени стаклени шишиња на улиците, во парковите и на многу други места. Да не го изоставиме фактот што за секое излегување од дома потребен ни е автомобил, секако велосипедот и одењето пеш се одамна заборавени. Родителите секојдневно ги носат децата во училиште повторно со автомобил. За одење на работа подобра опција е употребата на јавниот превоз, но повторно се користи автомобилот. Во зимниот период градот Скопје, па и другите градови во земјава се број еден на светските листи на загадени градови. ЗОШТО? Бидејќи луѓето горат буквално сè. И покрај препораките од надлежните за поголемо внимание секоја година се соочуваме со истиот проблем. Во училиштата секоја година старите книги се заменуваат со нови кои се добиени со уништувањето на дрвјата. Тука се вбројуваат и тестовите кои се направени хартија. Една алтернатива се електронските тестови. За децата голема радост е посетата на зоолошката градина, но никој не размислува за бедниот живот на животните кои се затворени во кафезите. Кујната изгледа како музеј за технолошки пронајдоци. Има најразлични апарати кои не само што не се корисни туку трошат мноу електрична енергија. Блендери, направи за сечкање, лупење и мелење на храната, микробранови печки... Но се занемарува штетноста на овие апарати. На пример при мелење или сечкање на храната ножевите оставаат метален примерок во храната кој секако е многу штетен, микробрановата печка пак претставува сериозна закана за здравјето на човекот. Во кој било трговски центар или продавница има ескалатори и лифтови, кога ќе се размислиме во минатото луѓето користеле скали, бројот на лифтови бил многу мал. Луѓето имале поголема физичка активност и подобро здравје за разлика од сега. Користењето пластика и пластичен отпад од ден на ден сè повеќе и повеќе се зголемува, се користат најразлични пластични чаши, шишиња, делови од најразлични апарати итн.
ПРОБЛЕМИ ИМА МНОГУ, но сепак никој не се залага за решавање на барем дел од овие проблеми, напротив состојбата постојано се влошува. За подобро утре мора да се користат алтернативни решенија кои секако дека ќе го сведат загадувањето на пониско ниво. Со цел да се редуцира пластичниот отпад наместо пластичните шишиња можат да се употребуваат стаклени или оние за подолга употреба. Производите за една употреба треба да се сведат на минимум. Употребата на скали наместо ескалатори и лифтови и не е така лоша идеја. Не само што ќе се редуцира употребата на електрична енергија туку и нивото на физичка активност кај луѓето ќе биде поголемо. Облеката може да се суши на стариот добар начин — со помош на сонцето и ветерот наместо со употреба на сушари од 3000W. Може да се применува и реупотребата на стаклените шишиња. Употребата на автомобилите да се сведе на минимум, а велосипедите да најдат почеста примена во секојдневниот живот на луѓето. Дрвјата да ја вршат својата работа, а тоа е прочистување на воздухот, наместо да бидат сечени и намерно палени. Пораката „ЗАСАДИ ДРВО, ЗАСАДИ ЦВЕТ ЗА ПОУБАВ СВЕТ!“ да биде сериозно сфатена. На оваа тема има да се пишува многу, но секој збор, секоја реченица се безвредни ако не се сериозно сфатени. На интернет можат да се најдат безброј литературни дела кои содржат многу важни пораки, но сепак не се сфатени сериозно и сè е останато непроменето. АЈДЕ ДА ЈА ПРОМЕНИМЕ ОВАА СИТУАЦИЈА И ДА НАПРАВИМЕ НЕШТО ЗА ПОДОБРО УТРЕ ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА НАШИОТ ДОМ - ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА.

Ема Мицевска, 9то одделение | Ментор: Виолета Јовановска-Никовска | ООУ „Димитар Македонски“

## ВЕЛОСИПЕДОТ ОД СОНИШТАТА

Секое дете сонува нешто,
сака да биде во некоја област вешто,
секое дете си ја замислува својата иднина,
а јас го замислувам мојот велосипед.

Ех, ама тоа не е обичен велосипед,
туку тој е нешто како тротинет
и со еден чекор може да го обиколам целиот свет.

Тој сакам да ми биде дом,
да ги возам сите мои другарчиња.
Да биде во шарени бои
да не ги делиме нештата на мои и твои,
со цвеќиња разнобојни и многу седишта да има
да има топла клима
и во лето и во зима,

за секого од децата по едно
ама удобно, топло.
Со велосипедот да шетаме
и во воздух и во вода и на копно.

Би сакала на секого
да му се оствари неговиот сон.
Да шириме љубов и мир
еден тон.
Да садиме дрвја.
да ја зачуваме природата
оти од тоа ни зависи иднината.

Јована Кекеновска, 8мо одделение | Ментор: Иванка Тодорова Милошевска | ООУ „Гоце Делчев“

## ВЕЛОСИПЕДОТ ОД МОИТЕ СОНИШТА

Здраво на сите! Јас сум Анѓела и сигурно се прашувате зошто го одбрав велосипедот покрај автомобил или мотор, ама јас уште како мала ги сакав велосипедите. Секогаш кога ќе поминев покрај таа една продавница го гледав излогот, имаше еден велосипед со боја како небото и многу убави украси во бојата на виножитото. Имаше и украси од делфини и имаше многу други украси.

Од тој ден јас се трудев да го купам велосипедот.

Помина речиси еден месец и собрав доволно пари за да го купам. Утрото со трчање појдов до продавницата, ама за жал го немаше мојот велосипед-некој го купил.

Така јас седев пред излогот две-три минути и одеднаш се појави уште еден велосипед кој уште повеќе ми се допадна. Беше во виолетова и розева боја и пак имаше украси на велосипедот и веднаш го купив. Кога го купив продавачката ми даде уште украси за велосипедот.

Кога стигнав дома го покажав велосипедот и сите ми рекоа дека е многу убав, и од тогаш јас секогаш се возам со него, и плус не ја загадувам природата.

Тоа е мојата приказна за велосипедот од моите соништа кој што стана вистина.

Анѓела Шекеровска, 9то одделение | Ментор: Иванка Тодорова Милошевска | ООУ „Гоце Делчев“

## ВЕЛОСИПЕДОТ ОД СОНИШТАТА

Јас и мојот велосипед
ќе го прошетаме целиот свет.

Тој е обоен во прекрасни бои,
јас го чувам како очите свои.

Нашата приказна е како од бајка,
не ми верува ни сопствената мајка.

Марија Чаковска, 7мо одделение
Ментор: Иванка Тодорова Милошевска
ООУ „Гоце Делчев“

## ВЕЛОСИПЕДОТ ОД СОНИШТАТА

Сите деца имаат една или повеќе активности кои ги извршуваат во слободно време. Некои играат фудбал, а некои, пак, читаат книги. Мојата омилена активност беше да возам велосипед. Секоја вечер пред да си легнам, на лист хартија го цртав мојот велосипед од соништата. Тој беше на три тркала, немаше седиште како преостанатите велосипеди, туку имаше удобна фотелја која бееш украсена со разнобојни цвеќиња. Исто така звукот на ѕвонот не беше како преостанатите, туку кога ќе го допрев ѕвонот се вклучуваше интересна, не многу гласна песна., а највчудовидувачката работа беше што самиот можеше да се движи.
Една ноќ кога си легнав и размислував за мојот волшебен велосипед, пред мене се појави едно русокосо момче со бадемови очи, ми пружи рака и ме повлече во едно волшебно место. Таму имаше една голема рамна ливада, исполнета со безброј разнобојни цвеќиња. Така влечејќи ме, ме доведе на едно место. Таму имаше два велосипеда исти како од моите соништа. Јас бев вчудовидена, не им верував на своите очи. Русокосот момче се качи на еден од нив и почна да вози околу волшебната ливада. И јас го направив истото. Велосипедот беше потполно ист како и од моите сонипта. По некое време возејќи се наеднаш исчезна русокосот момче, по него и ливадата со разнобојни цвеќиња. С беше темно, бевме само јас и велосипедот, но потоа исчезна и тој во длабоката темнина. Слушнав како некој ме буди да станам за да појадувам. Ги отворив очите, пред мене беше мајка ми. Го немаше ни велосипедот, ни русокосото момче, ниту пак ливада со разнобојјни цвеќиња. Потоа сфатив дека тоа беше само еден прекрасен сон.

## ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА Е ЗАДАЧА НА СИТЕ. КАКО ДА ЈА ЗАЧУВАМЕ?

Јас секогаш се грижам мојата околина да биде чиста и уредна. Исто како и мојот двор. Јас и моите другарчиња еднаш во неделатаја чистиме, изработуваме разни цртежи, како и канти од картони за да им покажеме на луѓето како треба да се однесуваат кон животната средина. Тоа го правиме и со децата од град. Тие често фрлаат отпадоци и не ги собираат поради тоа што не живеат тука, во рурална средина. Но ние им покажуваме дека треба секаде да чистат. Зошто мора само градот да биде чист, а селата загадени, валкани, нечисти? Па секаде живеат луѓе, нели?
Ние исто така го решивме еден од најголемите проблеми во нашата животна средина-спречивме да се постават отрови за кучињата. Ние ги заштитивме тие кучиња, викнавме служба која ги вакцинира, ги става во бзбедни простории и се грижи за нив. Така ги заштитивме и луѓето и кучињата, а пред с спречивме загадување на воздухот и појава на нечиста животна околина.
Така јас и моите другарчиња се грижиме за животната средина. Така сега кога ќе н посетат нашите братучеди и роднини уживаат да ја гледаат сликата пред себе-толку чиста и убава. Ние им служиме за пример на сите останати, и деца и повозрасни.

Марко Каркиновски, 8мо одделение | Ментор: Иванка Тодорова Милошевска | ООУ „Гоце Делчев“

## ВЕЛОСИПЕДОТ ОД СОНИШТАТА

Сонував еден сон, но не обичен сон. Чувството беше реално. Не можам да ви опишам колку беше забавно. Сега ќе ви го раскажам сонот: Беше убаво утро. Птиците пееја. Се будам. До мојот кревет се чувствува мирисот на утринското кафе. Се средив и решив да одам надвор.
Тогаш видов дека сите се будни и родителите пиеја кафе. Но забележав бела голема кутија на која пишува „За Мартина". Решив да ја отворам. Внатре имаше голем розов велосипед. Се зачудив. Бев пресреќна. Сакав веднаш малце да се повозам на игралиштето. Родителите ми дозволија да одам, но за половина час да се вратам за да јадам. Го земав велосипедот и веднаш тргнав.
Кога стигнав на игралиштето веднаш се качив на велосипедот, но во тој момент велосипедот полета. Многу се зачудив. Почна с   побрзо и побрзо да лета. Одеднаш пред мене се појави чудна бела светлина. Ги затворив очите за кратко и кога ги отворив со велосипедот лебдев над Ајфеловата кула. Потоа летнавме над Лондон. Ги прошетавме и Норвешка, Кина, Шведска, Русија и многу други места. Многу беше забавно.
Но потоа повторно се најдов на игралиштето. Веќе требаше да се вратам дома. За половина час како да го прошетавме целиот свет. Велосипедот многу ми се допадна. Го нареков Розевиот волшебен велосипед.
Кога стасав дома сакав прво на сите да им ја раскажам мојата авантура со волшебниот велосипед. Но одеднаш некој почна да ме буди. Тоа беше мама. Ми кажа дека време е да стана, треба да јадам. Ја гушнав, станав и после јадењето на сите им го раскажав мојот интересен сон.
Како сонот да беше вистински...а можеби и беше вистина, а не сон, којзнае...

Мартина Мартиновска, 9то одделение | Ментор: Иванка Тодорова Милошевска | ООУ „Гоце Делчев"

## ВЕЛОСИПЕДОТ ОД СОНИШТАТА

Како што знам и имам слушано, се претпоставува дека секој човек на Земјава живее со некој успех, желба, цел и со постигнување на желбата. Исто така секој човек живее со некој сон којшто верува и претпоставува дека ќе му се исполни.
Но знаеме дека сите луѓе сме различни и по изгледот и по имиџот и по карактерот. Па со тиа имаме дознаење дека потребите и желбите ни се сосема различни на секого од нас.
Иако детето расте и станува возрасно, на одредени години нема никаква пречка да сонува и да верува во работи кои не се вистински, односно кои се фантастични.
Во секој возрасен човек има по едно среќно дете кое живее во него и сака по вторпат да ги доживее тинејџерските години.
Еве, на пример, јас с   уште го паметам и го сонувам велосипедот од соништата кој што беше со суперсила. Велосипедот можеше да ми го реши секој проблем. Кога бев гладна ми правеше јадење, кога ми беше здодевно играше со мене, ми ја пишуваше домашната задача и ред други работи. И уште не ја загадуваше животната средина, секогаш со некои волшебни филтри го прочистуваше воздухот и немаше потреба некој да се плаши дека ќе диши загаден воздух.
Но повеќе го нема тој велосипед. Обврските кои ми ги решаваше тој, сега морам да ги завршувам јас.
Затоа кога сме деца с   е многу поубаво, обврските се многу помали и поинтересни. Погледнете само колку се поголеми обврските  и должностите на нашите родители. Замислете која обврска и должност е да го упатат своето дете по вистинскиот и правилниот пат.
Затоа бидете благодарни и горди на она што ви го пружаат тие, и на она што го имате. А пред се, нека тој волшебен велосипед кој ви е подарок од родителите ве научи како да ја чувате и заштитите животната средина наместо да ја уништувате. Бидејќи резервна планета немаме. Тука сме сега, утре може да н   снема сите.

Мелани Тарчуговска, 9то одделение | Ментор: Иванка Тодорова Милошевска | ООУ „Гоце Делчев"

## ВЕЛОСИПЕД ОД СОНИШТАТА

Мојот велосипед од соништата е на сончева енергија која се претвора во топлина и му дава гориво на акумулаторот ко му помага на велосипедот да се издигне воводух и да се движи.
Сакам да има 16 брзини, да е црн мат со црвена линија на седиштето.
Но најважно од с , сакам да има волшебна моќ-да може да лета, да оди под вода, да бид отпорен на сите надворешни влијанија. Никој да не може да го уништи или да му наштети, а тој да има чудотворна моќ да им помага на сите живи суштества-и на луѓето и на животните и на птиците и на растенијата и на инсектите.
Мислите ли дека може да постои ваков волшебен велосипед?
Јас верувам дека може. Често ми се појавува на сон и како да има очи, уста, нос, уши, коса-како човечко суштество е. И ме вика да појдам со него во разни авантури. На мене прво ми е малку страв, но решавам да појдам.
Тој ме носи на чудесни места, но колку повеќе летаме или пловиме како подморница под водата толку повеќе се разочарувам од тоа што го гледам пред себе: отпад на сите страни, најлонски ќеси фрлени на секој чекор, птици кои не можат да ги отворат клуновите бидејќи им се заплеткала некоја конопна врвка итн.
Сфаќам дека ова не може да се толерира. Мора да се преземе нешто за да запре ова лудило. И му шепнувам на мојот волшебен велосипед, а тој задоволно ми се насмевнува и ми кимнува со главата.
Со неговото волшебно ѕвонче успеваме да го исчистиме сето ѓубре кое го гледаме пред себе. Но зад себе оставаме јасна порака: НЕ ЗАГАДУВАЈ ЈА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ОТИ ПРИРОДАТА СЕКОГАШ НИ ВРАЌА ЗА НАЃШАТА НЕГРИЖА.
Јас и мојот велосипед имаме уште една порака за крај: Наместо во автомобил, сите земете си по еден велосипед и возете. Тој ќе ви стане највернииот другар. Ќе ве одржи физички во добра кондиција, нема да ја загадувате животната средина и ќе придонесете секој човек да ви се восхитува.

Михаела Бадаровска, 7мо одделение | Ментор: Иванка Тодорова Милошевска | ООУ „Гоце Делчев“

## ВЕЛОСИПЕД ОД СОНИШТАТА

Сите на светот имаат големи и различни соништа.
На пример, и јас имам еден сон. Сон кој можеби е поразличен од другите. Мојот сон е за еден велосипед кој посакувам да го имам. Велосипедот од моите соништа сакам да биде виолетов со многу розеви детали. Да има прекрасно седиште и седиште за уште еден кој би се возел заедно со мене.. Корпата да биде со многу розево-виолетови цвеќиња. Да има прекрасни нешта кои не би ги споделила, туку би ги сочувала во моите соништа.
Но дали е можно тоа? Можам ли да го видам тој велосипед, да се возам на него, да одлетам на најдалечните и најволшебните места што никој не ги видел?
Зошто да не?
Макар и во соништата можам да го сторам тоа.
Макар во соништата можам да сонувам за подобра сегашност и иднина, иако во реалноста с што замислувам не можам да го остварам. Па каде е мојот велосипед со кого можам и да летам до највисоките точки на небото и да се нурнам во најдлабоките катчиња од морето или океанот? Па да го сретнам китот, да го погалам и да му се насмевнам? Да го утешам дека с ќе биде во ред, дека не му се заканува изумирање поради човечката грижа и ненормалното загадување на целата наша планета? Со мојот волшебен велосипед би можела да го направам сето тоа, ама не сум доволно силна самата да ја постигнам таа цел.
Ми трњба помош од сите вас.
Ќе ми помогнете ли?
Ќе се здружиме ли сите заедно за спас на планетата Земја?

Сара Спасевска, 9то одделение | Ментор: Иванка Тодорова Милошевска | ООУ „Гоце Делчев“

Безбедност во сообраќајот во мојата околина.

Шест годишно дете прегазено кај основно училиште...се бори за живот!!!

Вест која ја слушаш на телевизија и ти ги пара ушите, ти го кине срцето. Се прашуваш чие е ова дете? Како се чувствуваат неговите родители, брат, сестра? Ова би можело да биде секое дете па дури и јас! Веднаш се прашуваш зошто? Дали возачот бил под дејство на алкохол, дали не ги почитувал сообраќајните правила и знаци, дали зборувал на телефон, што било причината? Зошто?

Па нели сите управувачи на моторни возила се возрасни личности, па нели сите имаат совест и свест, одговорност и принципи. Каде затаила нивната совест кога сите имаат деца во нивното потесно или пошироко семејство. Па нели ние, децата треба да учиме од возрасните?

Сите вие пред да седнете во вашите автомобили не размислувајте каде може да ве запре сообраќаец, ако не возите прописно. Разбудете ја вашата совест и запрашајте се колку вреди еден човечки живот, а не колку ќе чини вашата казна. Бидејќи ништо не е повредно од еден човечки живот. Јас живеам во не толку прометна сообраќајна околина, а секојдневно забележувам неправилности во сообраќајот, без разлика дали тоа се возачи на автомобили , моторциклисти, возачи на камиони, велосипедисти или пешаци.

Многу сум лута на возрасните затоа што се почесто забележувам родители кои ги носат децата во училиште и зборуваат на мобилен телефон додека возат, баби и дедовци кои ги земаат внуците од училиште и ја поминуваат улицата каде што ќе им текне. Што да направам тогаш? Ако им кажам нешто ќе речат „Невоспитана, таа нас ќе ни кажува". Како тогаш овие деца ќе бидат совесни учесници во собраќајот. Не ретко гледам деца од 15-16 години како управуваат автомобил и тоа со прекумерна брзина, а мене ме учат да користам кацига кога возам велосипед, да поминувам улица на пешачки премин и се според правилата. Во тој момент си велам можеби детево нема родители, па од каде тогаш автомобил.

Дајте сите разбудете ја својата свест, заштитете го своето дете и сите други учесници во сообраќајот. Научете ги вашите деца како да се однесуваат за да придонесат за безбедно учество во сообраќајот во нивната околина, нивното општество, но и секаде каде што ќе се движат. Бидете пример за вашите деца, така најдобро и најлесно се учи и најдолго се памети. Бидете совесен учесник во сообраќајот, тогаш вашите деца ќе бидат ваше огледало.

Стефанија Кузмановска, 9то одделение | Ментор: Јасминка Трајковиќ | ООУ „Вера Јоциќ"

ВЕЛОСИПЕДОТ ОД СОНИШТАТА

Сите ние имаме соништа, сите луѓе сонуваат за различни нешта некој за подароци а други за добри оценки. Јас најчесто сонувам за нов велосипед ама не обичен велосипед туку магичен велосипед што може да лета дури до ѕвездите, да може да вози на месечината и да направи некои работи што обичен велосипед не може да направи. Сите сигурно се запрашувате каков е тој велосипед?

Тој изгледа вака: има сини рачки за управување, сино седиште за седење, и кога лета испушта виолетова и розева прашина која кога ќе падне на земјата растат цвеќиња.

Јас секогаш го имав истиот сон, а тој сон изгледа вака. Јас со мојот велосипед летавме над целата планета и ширевме добрина и љубов, одеднаш гледам како неколку деца ја уништуваат природата и фрлаат ѓубре на секаде, палат огнови и многу други лоши работи. Јас со мојот велосипед земав едно дете од земјата и го кренав високо на небото и го прашав зошто ја уништуваат природата тој ми одговори дека неговите другари му рекле да го направи тоа и дека тој не сакал да го прави тоа, тој толку беше исплашен и ме праша дали ќе можам да му помогнам со мојот велосипед да им вратиме на неговите другари, тој сакакаше да ја искористиме мојата прав за да засадиме цвеќиња за неговите другари.

Јас секако му дозволив да го направи тоа, кога го направивме тоа неговите другари ветија дека никогаш веќе нема да го направат тоа повторно, и од тој настан луѓето го викаа мојот велосипед З.Н.П а тоа значи заштитникот на природата .

И од тој настан јас и З.Н.П сме заштитници на природата. Иако тој велосипед не е вистински јас секој пат кога спијам го имам тој сон. Се надевам дека мојот сон ќе инспирира некого да ја заштити природата,и дека треба да дознае дека не му е потребен таков мегичен велосипед, потребна му е добра мисла и силна желба.

Марија Петрушева, 6то одделение | Ментор: Јасминка Трајковиќ | ООУ „Вера Јоциќ"

Здрава животна средина е задача за сите – како да ја зачуваме?

Зачувувањето на нашата животна средина е важна тема за размислување. Денес, планетата Земја е многу загадена а воедно и уништена. Најголем причинител за тоа е човекот. Човекот е најголем загадувач на планетата Земја, неразмислувајќи дека и самиот себеси си наштетува. Водите во денешно време се многу загадени, како резултат на испуштањето нафта на големите товарни бродови. Друг проблем е тоа што постојано се сечат шумите, белите дробови на нашата планета. Улиците се полни со отпадоци поради луѓето кои се толку мрзеливи, па не го фрлаат својот отпадок во корпа за отпадоци, туку на улиците. Сите сакаат да имаат здрава животна средина за себе, меѓутоа мал број на луѓе презмаат нешто во врска со тоа.
Секаде гледаме еколошки пораки за зачувување на нашата единствена планета. Дали некогаш тие не поттикнале да направиме некоја акција која би ја заштитила планетата Земја? Пример за некои од овие заштитни акции се: возење на велосипед како замена за автомобилот, садење на дрвја, поставување на филтри на оџаците на фабриките и многу други. Јас од овие постапки оваа година, возев велосипед, засадив дрвја во мојата населба и ја чистев околината со моите блиски. Сé ова го направив бидејќи ја сметам планетата за единствена. Доколку го знаете мотото на екологистите сигурно би се повикале на него. Тоа гласи: Мисли глобално, дејствувај локално! Ако не се повикаме на еколошкото мото, тоа би се одразило лошо на нашето здравје. Доколку не постои здрава животна средина, нема да постојат ни здрави градинарски култури. А доколку не постојат здрави плодови, ќе мора тие да се прскаат со пестициди, коишто не се добри за нашето здравје. Ако не правиме добро на планетата, таа ќе ни врати со иста мера.
Се надевам дека кога ќе го прочитате текстов, тој ќе ве поттикне да направите што повеќе еколошки акции и да размислувате на темата — „Зачувување на животната средина". Доколку секој би го направил тоа би се приметиле многу промени во нашата животна средина, секако на добро. На каков начин ќе ја третираме планетата, со иста мера ќе ни врати. Поради таа причина, планетата Земја треба да ја чуваме, да ја направиме позелена, поеколошка и поефикасна за сите нас. Заради тоа зачувувањето на животната средина е задача за сите. Затоа чувајте ја планетата бидејќи немаме резервна!

Сара Кочовска, 6то одделение | Ментор: Јасминка Трајковиќ | ООУ „Вера Јоциќ"

Здрава животна средина е задача на сите. Како да ја зачуваме?

Зимата повторно се наближува, а со неа и проблемите со загадениот воздух, градовите во Македонија како и во изминатите години ќе бидат на врвот од топ листата на загадени градови во Светот, а ние продолжуваме нашиот отпад да го фрламе насекаде во природата или уште полошо да го палиме на дивите депонии.
Заробени сме помеѓу 700.000 тони отпад секоја година, од кои дури деведесет проценти завршува на некоја од илјада диви депонии ширум целата држава. Зарем овие фрапантни броеви не се доволни за започнување на рециклажа на барем мал дел од 40.000 тони стакло или пак 38.000 тони пластика годишно за кои секој од нас е виновен.
Контејнерите низ градот наменети за селектирање на отпад редовно се полни со несоодветниот тип, кои создава дополнителни проблеми и го отежнува процесот на рециклажа. Тоа е резултат на нашата (не)совест и покрај 350 килограми отпад по човек кои се создава секоја година. Зарем некој треба да дојде и од дома да ни го селектира нашиот отпад. Се работи најпрво ја лична, а потоа и општествена одговорност на секоја единка-жител на планетата Земја. Помеѓу огромниот број обврски кои сите ги ставаме на врвот од листата на приоритети не може ли да се најде место за уредно ослободување од отпадот кои самите го создаваме?
Светот на глобално ниво се повеќе е свесен за климатските промени кои се резултата на прекумерното загадување. Голем дел од нив можеме и самите да ги почуствуваме. Контрадикторно на оваа состојба распространета во голем дел од светот- правото на чиста и здрава животна средина важи за фундиментално граѓанско право. Во чест на „Светскиот ден на животната средина" -5 јуни се организираат бројни конвенции, декларации и протоколи кои опфаќаат иновативни идеи и чекори за заштита на животната средина. Сите идеи претставуват најпрво индивидуални, локални, а потоа и глобални потфати и активности.
Ширум светот голем број активисти и здруженија организираат протести, преку кои своите пораки и барања ги испраќаат до власта и надлежните институции. Често станува збор за млади луѓе со иновативен и совесен дух кои поттикнуваат идеи и се борат за чиста и здрава животна средина. Подоцна на активностите и протестите може да се приклучи секој без ограничување. Неодамна и во нашата држава беше организиран протест од еколошки карактер на кои младите се изјаснија во врска со нивните барања за чиста животна средина. Акцентот се става на компаниите и фабриките кои преку својот бизнис се богатат на сметка на уништување на природните добра и нивно загадување.На крајот од сето ова треба кај секој човек поединечно да се разбуди желба за промена, почнувајќи од менување на своите лични навики па се до корисни и креативни идеи во кои можат сите да учествуваат.
Тргнувајќи од себеси јас направив низа промени во моите секојдневни навики. Пластичните цефки за пиење за една употреба ги заменив со метални кои имаат неограничена употреба и не создаваат отпад. Секоја хартија која ми е непотребна ја собирам во една кутија и кога ќе ја наполнам ја селектирам во контејнер за рециклирање хартија . Избегнувам да користам амбалажи за една употреба кои подоцна ќе треба да станат отпад . Наместо тоа може да се користат стаклени или пластични кутии и шишиња за повеќекратна употреба. Што ќе промениш ТИ? Што ќе направиш за СЕБЕ? Што ќе направиш за да ја зачуваш ЖИВОТНАТА СРЕДИНА?

Стефанија Кузмановска, 9то одделение | Ментор: Јасминка Трајковиќ | ООУ „Вера Јоциќ"

## МОЈОТ ВЕЛОСИПЕД ОД СОНИШТАТА

Доволно е само,
да ги затворам очите мои
и пред мене да го видам
велосипедот од моите сни.

Го чекам тој миг, го чекам тој час
кога на мојот розов велосипед
ќе возам низ улици тесни
и ќе пеам убави песни.

И секој ден, и секоја ноќ
ќе копнеам за велосипедот мој
кој ќе биде секогаш
во моите сни и убави дни.

Михаела Митревска, 6то одделение
Ментор: Јасминка Трајковиќ
ООУ „Вера Јоциќ“

## ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА Е ЗАДАЧА НА СИТЕ КАКО ДА ЈА ЗАЧУВАМЕ?

Шарениот универзум исткаен од чуда разни
за вечните сили немо раскажува сказни!
Од бесконечната љубов кон Сонцето златно
Земјата го наслика животот на движечко платно.

Биди дете кое буди надеж во суров свет,
не плаши се да тргнеш во храбар лет!
Биди дете со еколошки навики здрави,
кое во иднината разлики ќе прави!

Не загадувај, селектирај и рециклирај,
на туѓите грешки разумно реагирај,
забавна авантура на велосипед планирај,
семеен пикник без автомобил организирај!

Не пали смет и ѓубриња разни,
воздухот веднаш со отрови ќе те казни!
Сакај го животот кој природата ти го дари,
не уништувај ја за задоволство и пари!

Огромно богатство е капката чиста вода,
да ја сочуваме ни е предизвик и мода!
Да се однесуваме добро кон природата-мајка
таа ни подари живот од расцветана бајка!

Планетата Земја ни е единствена и вредна,
за нашата добрина со години е жедна.
Да најдеме лек за човечката совест бедна,
да ја сочуваме, бидејќи ќе нема шанса следна!

Почитувај ја и брани како икона света,
таа е единствена карпа која умее да цвета!
Не плаши се да се бориш со срце чисто
верувај и биди херој, како неа исто!

Сара Цветкова, 6то одделение | Ментор: Павлина Огненовска | ООУ „Мирче Ацев“

## Велосипедот од соништата

Сите сме сонувале
да имаме убав
велосипед
убав и сладок
како мед

Да биде голем,
убав и прав,
а седиштето
да биде направено
од шеќер во прав

Да биде направен
од чоколадо и
колачи,
да ти биде
убав и ништо
да не те мачи.

Стефанија Тодева, 6то одделение
Ментор: Јасминка Трајковиќ
ООУ „Вера Јоциќ“

Здрава животна средина е задача за сите. Како да ја зачуваме?

Храбро и сеуште сонливо погледнувам во утрото со мирис на рана есен. Очите натежнати од сонииштата, ги мами разлеаното злато на сончевиот зрак. Тивко започнува новиот ден, накитен со првите карамелизирани листови на дрвјата и по некоја блескава капка роса, заспана во тревата. Ме расонува мелодијата на ранобдните птици, а утрото го зачинува урбаната врева од автомобили, која искрено се трудам да не ја слушам.
За мајка ми сум зимско дете, родено на последниот ден од месец јануари, кое ги обожува немиот танц на снегулките, пејсажот од мраз исцртан над вирчињата заробена вода и натежнатите гранки со мразулки. Признавам дека го сакам крцкањето на снегот под моите чекори и му се радувам на облачето топол воздух кое излегува од мојата уста.
Но, без ниту еден услов и се покорувам на природата, без разлика со кое годишно време ме маѓепсува. Кога пролетта ќе зачекори на хоризонтот и ќе ја растопи само со еден здив, мојата зимска разгледница, без приговор и подавам раце и силно ја гушкам убавицата, која скокотливо зачекорува во моето маало. А, во лето, во лето се дружам со ѕвездените ноќи, во кои бараме спас од големите горештини. Природата е волшебен уметник. Несебично ни ја подарува својата убавина, насмевка и душа. Но, вистината, за жал, е посурова. Нејзината моќ не е доволно силна, да издвојува победа над сите наши недолични однесувања и удари кои и ги задаваме секојдневно. Ние нејзините деца, сме нејзинини најголеми непријатели, уништувачи и загадувачи.
Таа, творецот на убавото и благородното, ја кити животната средина во која опстојуваме со виножито, ги бои пространствата надвор од урбаните градови со зеленило, ги разубавува селските сокаци со расцветани багреми, а низ градските сиви улици истура розеви црешови цветови. Животната средина во себе ги испреплетува сите надворешни фактори, без разлика дали се живи или неживи, на кој е изложен еден организам. Тој природен сплет на околности, овозможува секој фактор да има влијание врз способноста на организмот да преживее. Рамнотежата која ја создала природата во животната средина, со која владеат природни закони и правила, овозможуваат опстанок и раст на организмите. Но, добро познато е дека луѓето се тие, кои ја менуваат, преобразуваат и модифицираат животната средина, најчесто на себичен и не многу обѕирен начин.
Често, модерните технологии имаат деструктивни ефекти врз животната средина, како што е ослободувањето на стаклените гасови во атмосферата што значи климатски промени за целата Земја планета. Познат е фактот дека поради оштетувањето на озонот со фреон, многу поголем дел на UV зрачењето стигнува до Земјината површина. Додека, достапноста на чиста вода е еден од најважните еколошки фактори од кои зависи преживувањето, се почести се случаите кога човекот ја загадува и без обѕирно ја троши. Во секојдневието кое значи експлоатација на природните богатства, каменоломите ги среќаваме се почесто, но во таа трка за економски бенефит заборавме дека со нив целосно се уништуваат живеалишта на растенија и животни, се создава бучава и прашина која го загадува воздухот. Белите дробови на нашата планета, шумите, се во процес на незапирливо уништување, со што се уништуваат природните живеалишта на многу видови организми и се намалува можноста за природно прочистување на воздухот. Човекот е најголем производител на отпад и ѓубре, кој несоодветно се справува со нив, а депониите се се почеста слика не само во предградијата, туку и во срцето на самите градови.
Како резултат на сите овие примери, степенот на загрозување на животната средина постојано расте, што го доведува во опасност опстанокот на многу видови живи организми. Бројот на загрозени видови секојдневно бележи пораст. На светско ниво се поретки се единките на синиот кит, џиновската панда, бенгалскиот тигар, тасманскиот ѓавол. Македонското небо, пак, останува посиромашно за прелетот на црниот и брадестиот мршојадец, а се намалува и бројот на шумските жители, мечките и рисовите.
Заштитата на животната средина претставува еден од најголемите предизвици на човештвото на глобално ниво. Правото на чиста и здрава животна средина е фундаментално граѓанско право чие почитување претставува услов за подобро здравје, поквалитетен и подолг живот на граѓаните. Затоа секој човек е подеднакво должен да го штити, чува и унапредува природниот екосистем.
Но, така е во Законот и на хартија. Како е во секојдневието, ....добро знаеме сите. Жално е колкава е нашата незаинтересираност за природата, растенијата, животните, воздухот, водата, почвата. Екологијата не е само песнича која се учи во градинка, лекција од училиште или само работа на луѓето кои раководат со институциите. Свесноста за здрава животна средина е индивидуална и општествена задача. Таа треба да биде секојдневна цел на човештвото. Одржувањето на здрава животна средина, треба сериозно да се сфати, како начин на живот во кој вложуваме дел од себе, но за доброто на сите нас. За луѓето, животните, растенијата, воздухот, водата, ветерот, почвата,......
Постапките и начините за зачувување и одржување на здрава животна средина, на глобално и индивидуално ниво се добро познати. Доволно е секој од нас да започне со мали чекори, но со подадена рака кон домашните, соседите, другарчињата, пријателите, колегите. Тогаш чекорите ќе пораснат во марш, марш за поздрава животна средина, подобри услови за живот, работа, учење, рекреација, забава. о подадени раце и корисно вложен мал дел од нашето време, си помагаме себе си, на сите нас, а вложуваме и во иднината на генерациите кои ќе ја наследат планетата. Здружени во гласот и делата можеме да допринесеме да се намали непотребното трошење на водата, да се подигне свеста за селектирање и рециклирање, а фрлањето на отпадоци и палењето на диви депонии да стане изолирана и ретка појава. Светот ќе биде многу подобро место за живеење, кога зелените херои на денешницата, дрвјата, нема да се палат и сечат непотребно, кога веќе исечените стебла ќе се користат во целост, без создавање отпад, а за секое исечено стебло, што живот значи, ќе се посадат нови стебла, зелени чувари кои бдеат над човештвото. Треба да бидеме се поголеми подржувачи на зачувувањето на природните живеалишта на животните и растенијата. Да се посветиме на органското производство на храна, а да се избегнуваат штетните пестициди и хемиски ѓубрива. Користење на обновливите извори на енергија, со што се добива еколошки чиста енергија, а со тоа и почиста животна средина. Еколошките предизвици ги среќаваме на секој чекор. Со нови еко-иновации потикнати уште во училишните клупи, развој на зелена економија во општеството, заштеда на енергија и производство на органска храна, се вложува во подобра иднина на поединецот и заедницата. Колку побрзо ја сватиме реалноста, шансите за заштита на животната средина се поголеми, а ние жителите на планетата Земја, обединети и единствени, конечно ќе ја научиме вистината дека ние не сме нејзини господари, туку таа е нашиот дом, единствен кој го имаме.
Го отворив ширум прозорецот за есенското утро, кое палаво ѕиркајќи го започна и овој ден. А, тоа без трошка срам, ја распосла златната прекривка во мојата соба, го разлеа мирисот на зрело овошје во воздухот и храбро ми го огреа лицето со зраци на Сонцето, кое со насмевка ми посака добро утро.

Татјана Јовановска 9то одделение | Ментор: Марија Петкова | ООУ „Петар Поп Арсов“

## Велосипедот од соништата

Земјата без престан се врти во круг,
на север, па на југ.
Како што се вртеше околу својата
оска светот, така и детето од моето маало
ги вртеше тркалата на велосипедот.

Зиме, лете со него беше,
за најдобар дугар го сметаше,
насекаде со него шеташе.

Дете кое за природата е грижеше
и пример за другите даваше,
од чиста околина никогаш не се предаваше.
Толу мал, а толку свесен
за користа од велосипедот,
во чиста природа беше занесен.

Јоана Димеска, 7мо одделение
Ментор: Билјана Велковска – Зиковска
ООУ „Невена Георгиева – Дуња"

## ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА Е ЗАДАЧА НА СИТЕ, КАКО ДА ЈА ЗАЧУВАМЕ?

Нашата животна средина
беспрекорно да ја чуваме,
загадувањето сите сложно
едногласно го осудуваме.

Секоја единка на Земјата
чиста средина заслужува,
затоа сите да ја негуваме
околината што не опкружува.

Ѓубрето да го рециклираме,
помалку чад да правиме,
каде што може да пешачиме
возилата да ги заборавиме.

Тие што ќе загадуваат
совесно да им покажеме,
на грешките кон екологијата
внимателно да им укажеме.

За да можеме на природата
подолго да и се радуваме,
нашата животна средина
успешно да ја зачуваме.

Вероника Коруноска, 7мо одделение
Ментор: Билјана Велковска – Зиковска
ООУ „Невена Георгиева – Дуња"

## ВЕЛОСИПЕДОТ ОД СОНИШТАТА

Го сакам велосипедот
кој што има силен ѕвон,
што брзо лета и патува,
низ мојот најубав сон.

Патот тој не го допира,
над улиците гордо лета,
така километри минува
низ градот кога се шета.

Помеѓу двете тркала
шарени цветови има,
нема мотор и гориво,
еколошки во лето и зима.

Нема издувни гасови
грлото да ни го сушат,
лета и сопира силно,
чист е ко мајчина душа.

Сонувам за такво чудо,
што брзо сегде ме вози,
наместо чадови, по него
остава патека од рози.

Цветанка Коруноска, 7мо одделение
Ментор: Билјана Велковска – Зиковска
ООУ „Невена Георгиева – Дуња"

## ВЕЛОСИПЕДОТ ОД СОНИШТАТА

Ех, да имав велосипед,
највошебен на сиот свет,
да се вратам во минатото,
да се борам да го спречам злото.

Сето она зло што над нас бдее,
да ја ослободам добрината што некаде тлее,
и да може целиот свет
мирно да живее.

Често сонувам дека е до мене
во боја розева и сина, прекрасен,
со него нови светови откривам
се враќам назад и повторно заминувам.

По ридови и долини би возела,
со злобни кралеви би се борела,
добрина и љубов насекаде би сеела
и на секое оружје цвеќе да расцвета.

За жал, немам волшебен велосипед
да можам да го менувам овој свет,
затоа ќе се борам да го спречам злото
со зборови што го топлат срцето.

Теона Арсовска, 7мо одделение
Ментор: Каролина Коларовска
ООУ „Рајко Жинзифов"



Велосипед од соништата

Јас уште од мала имав сон, сон кој знаев дека ќе се оствари еден ден. Тој ден го чекав со недели со месеци со години. И најпосле тој ден дојде.

Еден училишен ден во нашето училиште имаше соопштение дека на утрешниот ден ќе се одржи трка со велосипеди. Јас и уште неколку деца од моето одделение се пријавивме на натпреварот. Јас возбудена се вратив дома и им раскажав на моите родители. Тие ме поддржаа и веруваа во мене. Утредента јас го зедов мојот точак и појдов на училиште таму се најдов со моите другари. Ние заедно отидовме на местото каде што требаше да се одржи трката. Натпреварот само што не започна. Сите се наредија и го чекаа знакот за старт. Човекот даде знак и сите почнаа да возат. Јас почнав да возам се побрзо и побрзо и така успеав да престигнам многу натпреварувачи. Јас успеав да ја победам трката со сите мои сили. Кога најпосле стигнав до целта не ми се веруваше дека со мојот стар точак успеав да победам трка во која имаше стотина натпреварувачи. Од тој ден јас почнав да се пријавувам на се повеќе и повеќе натпревари а со тоа освојував се повеќе и повеќе први места.

На еден натпревар отидов со новиот велосипед на мојот брат. И за прв пат завршив последна.

Од тој ден јас секогаш се натпреварувам со мојот велосипед од соништата. Тој ме научи на многу нови работи. И тој ме направи шампион.

Ања Чивчиристовска
Ментор: Ана Георгиева
ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“

## Велосипед од соништата

Со мојот велосипед сакам,
Насекаде да патувам,
Да си поминам убаво
И светот да го истражувам.

Додека возам по патеките,
И ги гледам изгревите,
Тоа е вистинско уживање,
И прекрасно доживување.

Додека го возам велосипедот,
И златното сонце ме грее,
Се чувствувам како тоа да ми се смее.

Возењето велосипед е вистински рај,
И посакувам таа авантура да нема крај!

Христина Цанговска, 7мо одделение
Ментор: Ивана Јакимовска



Велосипедот од соништата

Уште како мала сум сонувала за еден волшебен велосипед. Во секој сон велосипедот ми ги исполнуваше сите желби. Но тоа беа само соништа. Една од најголемите желби ми беше тој велосипед навистина да постои. Поминаа 10 години и јас сосем заборавив на моите соништа. Еден ден ми стигна писмо. Кога го отворив во него имаше мапа. Јас мислев дека е некоја магија. Си помислив што би можело да има на местото каде што мапата покажува. Го оставив писмото на масата и отидов да прошетам. Многу се уморив и решив да седнам на една клупа. По две минути до мене седна еден старец и ме праша дали се сеќавам на моето детство. Се зачудив! Кога си отидов дома размислував за тоа што ми го рече старецот. Си помислив дека мапата има врска со тоа. Ја грабнав, го зедов велосипедот и тргнав. Ја следев мапата! Ме однесе низ паркот, низ шума и на крај се качив на еден врв од планина. Токму таму се сетив на моите поранешни соништа. На тој врв се одвиваше секој сон. Се гледаше цел град. Небото беше сино и што беше најчудно имаше само еден облак. Од облакот падна една топка. Таа се скрши и од неа се појави старецот. Ми рече да му го дадам мојот велосипед. Му го дадов со сигурност. Наеднаш мојот велосипед се претвори во волшебниот велосипед од соништата. Бев пресреќна.

Но имав право на 3 желби. Јас размислив убаво и првата желба ми беше да ги заштитам животните. Да не се [illegible]. Втората желба ми беше една од моите најголеми желби од детството сите да видеме самовили. Но за третата ми требаше време да размислам. Го зедов велосипедот и си отидов дома. Размислував, размислував и кога конечно ми текна се вратив на врвот. И гласно изговорив

– „Мојата трета желба е планетата Земја за секогаш да остане чиста, а луѓето да се освестат и да се грижат за животната средина.“

Анастазија Габроска, 7мо одделение
Ментор: Ана Георгиева
ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“

## Велосипедот од соништата

Јас си имам еден велосипед
Кафеав и розев како шарен цвет
Јас си го возам секој ден
На небото сино со безброј облачиња
Кои изгледаат како мали мачиња.

Тој мене ми вели
Дека сака еднорози
Сака да прави хартиени рози.

Ете така мојот велосипед
Мал и стар остана во
Гаражата заедно со сите спомени.

Миа Стојановска, 8мо одделение
Ментор: Елизабета К. Ајановска
ООУ „Кузман Јосифовски Питу“



Ана Лепчевска VIII²
ООУ „Ј.Х Песталоци
Ментор: Зорица Патарова

Велосипедот од соништата

Околината е најважното богатство што човекот го има. Мајката природа ни пружа дури и повеќе од што заслужуваме. Човековата свест е на многу ниско ниво. И ако ние, луѓето не презмеме нешто за да ја спасиме природата, можеме засекогаш да ја загубиме.

Одсекогаш сум била фасцинирана од велосипедите. Едноставно со многу малку енергија се стига на посакуваните места, а што е најважно од сé, не испуштаат отровни и штетни гасови за природата. Бидејќи планетата Земја е загадена од штетните гасови како јаглеродниот диоксид, би било неверојатно ако мојот велосипед од соништата е реалност. Мојот замислен велосипед е велосипед кој кога го возиме испушта кислород. Можете ли да си замислите колку ќе биде почист воздухот! Замислете си само, милиони луѓе низ светот да поседуваат ваков велосипед, со само едно вртење на педалите, ние го продолжуваме животот на сите живи суштества. Овој изум може да е токму тој што ќе ја спаси мајката природа. Сите штетни гасови кои ги испуштаат автомобилите би биле надоместени од велосипедот кој испушта кислород. Со овој изум сите грешки и неправди кои се направени на нашата единствена планета Земја ќе ѝ бидат надоместени.

Човекот според моето мислење не ја заслужува природата. Единствено таа ни ги дава сите убавини и богатства што ги поседува. А ние не се ни трудиме да ја почитуваме, а не пак да се грижиме за неа.

Треба да бидеме благодарни и задоволни од благодетите што таа за жал, несебично ни ги пружа и да ѝ враќаме на ист начин на како што ѝ таа несебично ни ги дава.

Ана Лепчевска, 8мо одделение
Ментор: Зорица Патарова | ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“



„Здрава животна средина е задача на сите.
Како да ја зачуваме?“

Во овој единствен свет, во повеќето земји свеста за околината, за загадувањето, за чистотата не е многу развиена. Еден од најголемите проблеми е тоа што луѓето немаат еколошка свест. Луѓето не се грижат за околината, за природата и за животната средина. Отпадот го фрлаат таму каде што ќе стигнат, несвесни дека со тоа сé повеќе ја загадуваат околината. Не се свесни дека немаме резервна планета и дека треба да ја чуваме Планетата Земја. Секојдневно се уништуваат премногу дрвја. Шумите исчезнуваат и така се уништуваат и живеалиштата на многу животни.

Но, знаете ли дека оваа лоша слика може да ја смениме на многу подобро. Сите заедно можеме да ја развиеме свеста кај луѓето. Можеме да направиме еко-план или еко-акција каде што сите луѓе ќе се организираат за расчистување на отпадот што е фрлен на разни места во природата, за рециклирање, за прочистување на воздухот или за спречување на сечење на дрвјата. Наместо секојдневно да се уништуваат дрвја за производување на хартија или пак за греење, можеме хартијата да ја рециклираме и така да се намали потребата за уништување на дрвја. Со секој тон рециклирана хартија се зачувуваат 17 дрвја. Па зошто ова да не го применуваме? Знаете ли дека, во светот, некои луѓе се трудат да не купуваат пакувани производи, туку купуваат намирници на мерење односно на рефус. Храната ја купуваат во стаклени тегли кои можат одново и одново да се употребуваат. Користат работи кои не се за една употреба, како на пример платнени торби за пазарење, стаклено шишенце за вода, а хемиските средства за чистење ги заменуваат со природни. Отпадот што го прават за неколку месеци, може да се собере само во една мала стаклена тегла. Овие луѓе се дел од движењето наречено „Нула Отпад“. Доколку останатите луѓе во светот би се придружиле на ова движење, отпадот на нашата планета значително ќе се намали, со што би добиле почиста околина за живеење.

Денес, луѓето секојдневно се информираат за сé што се случува во светот со користење на интернет. Поради оваа причина, нам уште полесно ќе ни биде да им ја развиеме еколошката свест преку објавување на разни содржини за создавање и зачувување на здрава животна средина. Ова треба да претставува желба и задача на сите луѓе кои живеат на оваа прекрасна мала, но сепак чудесна Планета.

Ана Станковиќ, 9то одделение
Ментор: Зорица Патарова | ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“



Мила Лекова, 8мо одделение
Ментор: Зорица Патарова | ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци"



Велосипедот од соништата

Теона Ѓурчиновска: VIII3
ООУ „Ј.Х. Песталоци
ментор: Зорица Патарова

Живеам во една мала држава со прекрасни природни
убавини. Опкружена сум со луѓе кој ми пружат многу љубов
и радост. Но, сепак, имам желба за повеќе, имам соништа,
планови, енергија за да го освојам целиот свет.
Засега, го имам само мојот волшебен велосипет од
соништата. Секоја вечер од кога ќе заспијам со него ги
исполнувам моите желби. Патувам, запознавам, осознавам.
Минатата недела ги посетив пирамидите во Египет. Потоа
бев на гости кај Бушманите во Африка. Бев и во
Париз, на Ајфеловата кула, но и во Кина на Кинескиот
ѕид. Ги посетив и Ескимите во Аљаска, но и прашумите
во Бразил. Запознав толку многу различни луѓе, разли-
чни култури и различни средини. Сватив колку е прек-
расна нашата планета и колку многу нови места има
за да се посетат. И секое утро се будам со насмевка
на лицето, исполнета со среќа и сила да го зграпчам
денот.
Знам, ова е фантазија, но јас сум само дете, а тоа
е дозволено, нели? Додека да порасnam доволно возрасна
за да можам да патувам каде и да посакам, секоја вечер заедно со мојот велосипед ќе
патувам низ светот.

Теона Ѓурчиновска, 8мо одделение
Ментор: Зорица Патарова | ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци"



Велосипед од соништата

Сара Кнежевиќ
VI-2
ментор: Зорица Патарова
О.О.У Ј.Х Песталоци

Си беше едно топло позлатено утро, птиците пееа тивка и топла мелодија.
Јас се разбудив и бев изненадена кога ги видов мама и тато во мојата соба.
Среќен роденден миличка! Тие беа првите зборови кои ги изговорија мама и тато со среќен и радосен глас.
Конечно дојде најдолго чеканиот ден од годината, мојот роденден.
Потоа добив голема прегратка од мама и бакнеж од тато.
Станав да се облечам во најубавото фустанче и го осетив убавиот мирис на торта и други печива.
Каков подарок сакаш принцезо? Ме праша тато.
Сакам... велосипед!! Одговорив со радосен тон.
Но... каков велосипед?
Хммм... сакам... велосипед со кој ќе возам по зелените и цветните ливади, велосипед кој ќе ми го покаже патот до волшебните шуми и планини каде што живеат само вилите и еднорозите, велосипед кој ќе ме однесе до морињата и океаните каде што ќе пливам со сирените,

велосипед кој ќе ме однесе на небото за да си легнам на меките и бели облаци и велосипед кој ќе ме доведе кај златните ѕвезди за да ги видам од близу. Сакам баш таков велосипед.
Ах... принцезо моја, би ти нашол и донел таков велосипед со полно срце но.. таков постои само во соништата.
Ооо... епа тогаш... сакам со тебе тато, со мама и дада да го имаме најубавиот ден. Сакам денес да се прошетаме низ градот!
Во ред тогаш, така ќе биде.
И заедно со тато појдовме во дневната соба, и да јадеме торта за доручек, бидејќи тоа ми е најомилено нешто за доручек.

Сара Кнежевиќ, 6то одделение
Ментор: Зорица Патарова | ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“

Здрава животна средина е задача на сите. Како да ја зачуваме?

Со својот развој, човекот правел добри и лоши нешта кои имале влијание врз животната средина. Како пример може да се посочи несовесното однесување на човекот кон фрлање на отпадот во природата.На пример на едно стаклено шише или пластична играчка им е потребно многу години за да се распаднат.
Покрај останатите земји во светот, така и во Македонија е загрозена животната средина и покрај тоа што таа располага со огромни природни убавини и реткости. Сите знаеме дека за секој проблем постои решение. Во случајот со загрозувањето на животната средина, сите ние можеме да допринесеме со нашето правилно и примерно однесување кон неа. На пример за превоз можеме да користиме велосипеди,тротинети,ролерки и градскиот превоз наместо секое семејство да вози автомобил. Ако сме во можност, најдобро за природата, а и човекот би било да се движиме пеш. Исто така можеме да живееме со помалку работи и да се ослободиме од тоа што едноставно не го користиме или не ни треба. Старите производи можеме да ги користиме повторно доколку се употребливи,отколку да купуваме нови.
За здрава и чиста животна средина треба да сме одговорни сите ние. Секој човек со своето одговорно однесување кон природата ќе придонесе за нејзино зачувување и подобрување за подолг живот на планетата Земја.

Бојана Делова, 7мо одделение
Ментор: Ивана Јакимовска | ООУ „11 Октомври“

## Велосипедот од моите соништа

Велосипедот од
мојот детски сон,
сакам да има
голем црвен ѕвон.

Сакам да биде,
голем шарен знај,
да лета со крилјата
како некој цртан змај.

Тој да има седиште меко
и брзини пет,
убав е ко најубавата мода,
а тркалата се движат по секоја вода.

Велосипедот е покриен
со сијалички цел,
го возам насекаде,
дури и низ снегот бел.

Велосипедот од
мојот детски сон,
најубав е и
снима ко секој дрон.

Андреа Боризовска, 7мо одделение
Ментор: Ивана Јакимовска
ООУ „11 Октомври“

## ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА Е ЗАДАЧА НА СИТЕ<br>КАКО ДА ЈА ЗАЧУВАМЕ

Планетата земја
размислувам често,
треба да биде за нас
убаво и чисто место.

Затоа треба да внимаваме
отпадот каде го ставаме.

Отпадните води
да ги прочистуваме,
за реките и езерата
да не ги загадуваме.

Од сеча и оган
шумите да ги чуваме,
нови дрвја
по падините да засадуваме.

Автомобилот твој
не го користи често,
земи велосипед на
негово место.

Затоа праќам порака
до сите Вас,
ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА,
ЗДРАВЈЕ ЗА СИТЕ НАС.

Горазд Војнески, 7мо одделение
Ментор: Ивана Јакимовска
ООУ „11 Октомври“

## Здравата животна средина е задача на сите<br>Како да ја зачуваме?

Јас сакам во нашата околина да ни биде чисто,
Како во другите земји исто!

Да ги исчистиме овие реки,
Наместо да си лежиме во постелите меки!

Затоа автомобил НЕ,
А велосипед ДА,
Време е за промена!

Сега Земјата наша помош бара,
во сабота можеме да издржиме и без скара!

Планетата наша се гуши,
А ние затнуваме уши!

Најголемо загадување има во студената зима!
А зошто да биде така,
Кога може да и подадеме рака!!!

Сашка Боризоска, 7мо одделение
Ментор: Ивана Јакимовска
ООУ „11 Октомври“

## Велосипед од соништата

Како и секое дете што сака да има и да вози велосипед, така сакам и јас.
Желбата за велосипедот кај мене се роди кога имав точно пет години. Секое дете имаше своја желба. Некое сакаше нова облека, некое нови обувки, ново венче и слично, а пак некои деца имаа велосипед, но сакаа нов, поубав.
Јас секогаш навечер плачев под јорганот кога сите спиеја, без никој да знае, да слушне. Плачев за само еден обичен велосипед. Јас иако немав велосипед, сепак никогаш, ама никогаш не посакував нечиј друг.
Еднаш мајка ми ме слушна како плачев и ме праша зошто плачам, а јас излажав дека плачам за некоја случка од училиштето. Знаев дека ако ја кажам вистината, ќе почувствува вина бидејќи тогаш ниту мајка ми, ниту татко ми не одеа на работа и немаа пари да ми купат велосипед. Затоа секогаш молчев, не кажував и плачев во себе. Сонував за еден многу скромен велосипед. Сакав да биде голем, бојата да биде црна, црвена или пак, виолетова, да има ѕвонче и кочници. Всушност, за мене не беше важен изгледот, туку важно беше да имам велосипед, па каков било.
Дури сега, пред две години, си купив нов велосипед. Голем и толку убав црн велосипед, со црвени линии, со ѕвонче и со кочници. Си купив точно таков велосипед, како од моите соништа и секако, со мојата заштедувачка.
Тоа што искрено од срце, од душа се посакува, ќе се исполни било кога и по било која цена.

Емилија Ранковска, 9то одделение | Ментор: Весна Димитриевска

## Велосипедот од соништата

Секојдневно сонуваме, понекогаш добро, а понекогаш лошо. Едноставно ги затвораме очите и како да запловуваме длабоко во ноќта, во некоја морска шир. Посакуваме тоа долго да трае и мечтата, сонот, никогаш да не заврши. Се чувствуваме убаво. Нема човек кој не сонува.
Јас сонувам честопати еден ист сон. Си го возам велосипедот, патувам насекаде, гледам разни слики во далечни земји, одам со него низ целиот свет. Така, како што го возам велосипедот, дарувам насекаде по нешто. На грбот носам еден ранец исполнет со љубов, здравје и мир. Дарувам насекаде тоа што е потребно. Гледам омраза, другарчињата се мразат меѓусебно, честопати се тепаат и навредуваат...Јас им приоѓам и им дарувам љубов. Гледам гладни, голи и боси... Ги лекувам, им ја давам облеката што ја носам, ја делам ужината со нив, а тие ме поздравуваат со насмевка, задоволни и среќни.
Патувам, но патувањето не завршува, туку како што спијам, растам со мојот велосипед од сонот. Сите деца копнеат нивните родители да им купат велосипед, а јас го имам најубавиот велосипед од соништата.
Затоа секогаш кога се будам од мојот сон, се чувствувам убаво.

Давор Пешевски, 6то одделение | Ментор: Весна Димитриевска

## ВЕЛОСИПЕД ОД СОНИШТАТА

Многу често сонувам чудни соништа. Толку чудни што понекогаш ни самата не знам како да ги протолкувам.
Една вечер многу уморна се завиткав во јорганчето и потонав во длабок сон. Сонив многу чуден, интересен сон. Бев во дворот од моето училиште. Таму имаше многу деца. Сите се разотидовме по училници. Започна наставата. Јас имав час по македонски јазик. Наставничката Бети објаснуваше за едначење на согласките по звучност. Тропна некој на вратата и влезе непознат човек. Ме побара мене велејќи ми да слезам долу за да си го подигнам пакетот што го оставил пред училишната врата затоа што бил многу голем. Јас збунета прашав: „Пакет?! Од кого?“ „Не знам“ – рече човекот. Целото одделение збунето ме гледаше. Ја погледнав прашално наставничката, дали може да слезам да видам што е, а таа како да ми ги прочита мислите ми рече: „Ајде Анамарија оди види што е! “ Јас истрчав и веднаш се најдов во дворот. Имаше голем пакет со голема розева панделка. Набрзина почнав да го одвиткувам. Кога ги видов рачките знаев дека е велосипед. Бев пресреќна. Беше прекрасен со бледо розева боја и многу убаво ѕвонче. Големо светло назад, уште поголемо напред. Многу убав велосипед. Седнав на седиштето и решив да завртам еден круг околу училишниот двор. Многу лесно се вртеа педалите. Возев и посакав да летнам до врвот на училиштето да ги поздравам другарчињата за да видат колку убав велосипед сум добила. Одеднаш велосипедот се вивна нагоре и летна. „Јас летам“ – си помислив. Не, не е можно! И додека трепнеш бев до прозорецот од моето одделение. Ива ме здогледа и извика: „Леле, Анамарија лета! “ Сите се насобраа до прозорецот и зачудено гледаа. А наставничката Бети само ме погледна и ми се насмевна. Тогаш сфатив дека таа не била наставничката, туку добра вила. Знаејки колку многу посакувам велосипед, ми подарила волшебен. „Ви благодарам наставничке. Поздрав другарчиња! “
Тогаш посакав да го прелетам мојот град, езерото, планината. И летав, летав, не можам да ви опишам колку беше убаво. Но ме разбуди мајка ми за на училиште. Ми беше жал што сфатив дека тоа било само сон. Но да ви кажам сепак иако во сон беше прекрасно.

Анамарија Калајџиеска, 6то одделение | Ментор: Елизабет Барануаи-Кукунешоска

## ВЕЛОСИПЕД ОД СОНИШТАТА

Велосипед на едно тркало
за роденден добив јас,
каде и да посакам
со него стигнувам в час.

Со него сум побрза
од било која птица,
а можам да возам
и по челична жица.

Волшебен и шарен
Како најубав цвет,
со мојот велосипед
го обиколувам целиот свет.

Земји чудни, со очи будни,
на возбудливи патувања
со црни, жолти и бели деца
склучувам нови другарувања.

Ви благодарам родители
што ми е исполнет секој миг и час,
со необичниот велосипед
што го добив од вас.

Ива Шајноска, 6то одделение | Ментор: Елизабет Барануаи-Кукунешоска

ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА Е ЗАДАЧА ЗА СИТЕ.
КАКО ДА ЈА ЗАЧУВАМЕ?

Планетата земја
треба да ја чуваме,
природата наша
треба да ја негуваме!

Сините води да се бистри,
а сивите улици да се чисти!
Нека се радува целиот свет
на еден мал волшебен цвет.

Треба да го штитиме нашето место
за да не ни биде тесно.
На загадувањето да му кажеме „КРАЈ“
ако сакаме да живееме во рај!

Со еколошки акции
луѓето да покажат реакции,
да ја спасиме нашата земја мила
со сета наша човечка сила!

Марија Тотоска, 6то одделение
Ментор: Елизабет Барануаи-Кукунешоска

ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА Е ЗАДАЧА ЗА СИТЕ.
КАКО ДА ЈА ЗАЧУВАМЕ?

Грижи се за природата
врати го нејзиниот сјај,
а таа за возврат ќе те дарува,
ќе го направи твојот свет – рај.

Таа ќе те дарува со езера и реки,
планини, полиња и ливади со цвеќиња меки.
Ќе те благослови со воздух чист
од секое дрво и секој лист.

Затоа чувај ја и сакај ја
природата е мајка твоја,
која се радува кога ѓубрето го фрлаш
во корпата со зелена боја.

Матеја Кицеска, 6то одделение
Ментор: Елизабет Барануаи-Кукунешоска



Здрава животна средина е задача на сите
Како да ја зачуваме?

Живееме во време,каде животната средина од ден ден се повеќе и повеќе се загадува. А,поради кого? Се разбира, поради нас луѓето. Несвесно продолжуваме со тоа мислејќи дека не можеме ништо да направиме, а со тоа грешиме.
Кога ќе излеземе на улица, од сите страни сме опкружени со отпадоци, воздухот се повеќе се загадува, а никој ништо не превзема. Сите велиме дека сакаме чиста и убава природа, а сите несвесно ја загадуваме. Како ќе ја спасиме живоната средина, има ли начин?
Да, да има, ама за тоа само треба желба.
На пример: наместо на работа со авомобил, оди со велосипед, можеби ќе потрошиш повеќе време, но сепак ќе има резултат, само треба некој да започне да употребува велосипед.
Има многу начини за да ја заштитиме нашата средина само треба да започнеме.
Со тоа што ја загадуваме и ја уништуваме природата, си наштетуваме самите на себе.
Треба да мислиме и за идните генерации, за тоа каде ќе живеат и нашите деца, пријатели, роднини, во каква средина ќе живеат.Треба да се мисли на се додека е време.
Се надевам дека ќе успееме да ја спасиме нашата животна средина. Ќе живееме во чиста средина и убава земја, земја која ќе биде за пример. Затоа треба луѓе сите да се фатиме за работа и се надевам дека ќе има резултат. Им посакувам среќа на сите и се надевам ќе се сретнеме во почиста и поубава средина. Поздрав од мене!!!

Ана Крстева, 9то одделение | Ментор: Лимонка Стојкова

## ВЕЛОСИПЕД ОД СОНИШТАТА

Секој има соништа свои
и јас имам соништа мои,
еден од нив сега ќе ви раскажам,
вистина е, не ве лажам.

Сонив чуден сон,
јавам слон од еден тон.
Кога подобро сфатив,
волшебен велосипед си фатив.

Со него по ѕвездени патеки
весело си шеткав
и како разиграна ѕвездичка
во вселената си светкав.

Посетив ѕвезди и планети разни.
Дури се возев,
велосипедот ми кажуваше сказни.

Додека јас уживав
и си вртев педали,
покрај мене трчкаа
моите братчиња мали.

Сакав да го видам целиот свет,
но пред мене се појави еден голем цвет
и ми вели:-Стој
и до десет броj!
Ме фати страв,
па се крена прав.

Тогаш заѕвони мојот телефон,
се разбудив и сфатив тоа било сон.
Се' беше во ред.
Токму тој ден
тато ми купи велосипед
за мојот 11 роденден.

-Возете лево, десно или право,
возењето велосипед е секогаш здраво!

Бојана Илиева, 6то одделение
Ментор: Тодорка Стоименова

## МОЈОТ ВЕЛОСИПЕД

Имам свој велосипед и тој е бел,
со него возам низ светот цел.

Нашите родители имаат право,
кога велат дека возењето велосипед е здраво.

Со велосипедот на училиште, секој ден одам
за здрав живот да водам.

Притоа заштитна опрема имам
за некоја несакана повреда да не примам.

Ги почитувам и сообраќајните знаци,сите
и така безбедно ми минуваат дните.

-Затоа за здравје и воздух чист
во својот живот завртете нов лист!

-Возете велосипед секој ден
и бидете здрави како дрен!

Снежана Панова, 6то одделение
Ментор: Тодорка Стоименова

www.ecologic.com

www.veloschools.mk

Земајќи го во предвид огромниот број на пристигнати творби, однапред се извинуваме доколку е направен технички или печатен превид.